ЕкоМозаик
...идеја до идеја

Друштво за технички консултантски услуги

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА
# Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, Општина Демир Капија




**Февруари 2023**

**НАРАЧАТЕЛ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**НАЗИВ НА ДОКУМЕНТОТ:**
**ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

**НАЗИВ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ:**
**ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ДЕМИР КАПИЈА, ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА**

**ВЕРЗИЈА: ФИНАЛНА**

**ИЗРАБОТУВАЧ:**
**“ ЕКОМОЗАИК” ДООЕЛ СКОПЈЕ**
**УЛ. БРИСЕЛСКА БР. 4**
**СКОПЈЕ**

**ПЕРИОД НА ИЗРАБОТКА:**
**НОЕМВРИ 2022 – ФЕВРУАРИ 2023**

**ЕКСПЕРТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА**
**НА ВЛИЈАНИЕ НА ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА:**

**МАРИЈА НИКОЛОСКА, дипл. инж. технолог**
**КОНСУЛТАНТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**

______________________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12- 770/5
Датум: 08.02.2017 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Николоска Слободан Марија** родена на 23.05.1978 година во Скопје, дипломирала на ден 27.12.2002 на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 31.01.2017 година и се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина** и ги исполнува условите утврдени во член 85 став 2 од Законот за животна средина, а со тоа се стекнува со право да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Bashkim Ameti**

М.П

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 09.11.2022 во 17:11:32
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0809-50/155020220111553

Датум и време: 9.11.2022 г. 17:11:24

**/Електронски издаден документ/**

## П О Т В Р Д А

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6594565 |
| **Назив:** | Друштво за технички консултантски услуги ЕКОМОЗАИК ДООЕЛ Скопје |
| **Седиште:** | БРИСЕЛСКА бр.4 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 74.90 - Останати стручни, научни и технички дејности, неспомнати на друго место |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Број: 0809-50/155020220111553

Страна 1 од 1

## СОДРЖИНА

1. Вовед ........ 10
2. Цел на Извештајот за стратегиска оцена ........ 12
   2.1 Цел на Извештајот за стратегиска оцена и употребена методологија ... 12
3. Преглед на содржината на планскиот документ и плански опфат ........ 14
   3.1 Преглед на содржината на планскиот документ ........ 14
   3.2 Плански опфат ........ 17
   3.3 Намена на земјиштето ........ 19
      3.3.1 Сегашна состојба на предметниот простор ........ 19
      3.3.2 Биланс на површини ........ 24
      3.3.3 Реализација на планското решение ........ 31
      3.3.4 Изводи од Просторниот План на Република Македонија ........ 31
4. Карактеристики на просторот и сегашна состојба со животната средина 34
   4.1 Карактеристики на просторот ........ 34
      4.1.1 Географска положба ........ 34
      4.1.2 Релјеф ........ 36
      4.1.3 Клима ........ 37
      4.1.4 Население ........ 38
      4.1.5 Стопанство ........ 38
      4.1.6 Културно наследство ........ 39
   4.2 Опис на сегашната состојба со животната средина во планскиот опфат 40
      4.2.1 Воздух ........ 40
      4.2.2 Вода ........ 41
      4.2.3 Отпад ........ 42
      4.2.4 Почва ........ 43
      4.2.5 Растителен и животински свет ........ 44
      4.2.6 Бучава ........ 45
   4.3 Сегашни проблеми со животната средина во и околу планскиот опфат 47
5. Главни цели на планскиот документ ........ 49
6. Состојба без имплементација на планскиот документ ........ 51
7. Врска и Усогласеност на планскиот документ со други релевантни планови, програми и стратегии ........ 52
   7.1 Компатибилност на целите на планскиот документ ........ 52

7.2 Врска со други стратешки плански документи ........................................ 53

8. Цели на заштита на животната средина .................................................... 63

8.1 Структура на генералните цели на заштита на животната средина ....... 63

8.2 Генерални цели на заштита на животната средина на предметниот опфат ........................................................................................................ 64

8.3 Цели на СОЖС ........................................................................................... 65

9. Веројатни значајни влијанија на планскиот документ врз животната средина ........................................................................................................ 69

9.1 Влијание врз населението ......................................................................... 71

9.2 Влијание врз човековото здравје ............................................................. 71

9.3 Влијание врз квалитетот на воздухот ...................................................... 71

9.4 Влијание врз климатските промени ......................................................... 72

9.5 Влијанија врз квалитетот на водите ........................................................ 72

9.6 Влијание врз почвата ................................................................................. 73

9.7 Влијание врз пределот ............................................................................... 73

9.8 Влијание врз културното наследство ....................................................... 74

9.9 Влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна) ..................................... 74

10. Мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија на планскиот документ ........................................................................... 75

11. Алтернативи .............................................................................................. 83

12. План за мониторинг .................................................................................. 84

13. Нетехничко резиме ................................................................................... 87

14. Прилози ...................................................................................................... 93

14.1 Листа на национална законска регулатива ........................................... 93

14.2 Листа на релевантни ЕУ Директиви ...................................................... 96

14.3 Користена литература ............................................................................ 100

14.4 Одлука за спроведување на стратегиска оцена од Министерство за транспорт и врски ..................................................................................... 103

14.5 Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање за спроведување на стратегиска оцена .................................................. 104

14.5.1 Спроведена постапка на учество на јавноста при изготвување на Извештај за СОЖС за планскиот документ од страна на Министерство за транспорт и врски ......................................................................................... 105

14.5.2 Соопштение за јавност за достапност на нацрт Извештајот за СОЖС на јавен увид и за одржување на јавната расправа ................................ 108

14.5.3 Фотографии од одржаната јавна расправа на 27.02.2023 год. 111
14.5.4 Записник од одржаната јавна расправа .................................. 112
14.5.5 Листа на присутни на јавна расправа........................................ 114
14.5.6 Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање 115

## ТАБЕЛИ

Табела 1 Постојна површина по намена на земјиштето ....................................................19

Табела 2 Билансни показатели по идното планско решение .............................................24

Табела 3 Нумерички показатели за наменски зони на ниво на реон во идното планско решение.................................................................................................................................26

Табела 4 Споредбени нумерички вредности од постојната состојба и планските решенија по наменски зони ..........................................................................................................29

Табела 5 Гранични вредности за човековото здравје и пречекорување на годишно ниво на мерно место Кавадарци за 2021 година ..................................................................40

Табела 6 Подрачја според степенот на заштита од бучава и гранични вредности............46

Табела 7 Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат ...............47

Табела 8 Главни сегашни проблеми со елементите на животната средина во општина Демир Капија ..........................................................................................................48

Табела 9 Матрица на компатибилност на целите на планскиот документ.........................54

Табела 10 Врска на планскиот документ со релевантни планови, програми и стратегии .56

Табела 11 Цели и индикатори на СОЖС ..........................................................................66

Табела 12 Идентификација на влијанијата на целите на планскиот документ врз различните елементи на СОЖС и оценка на влијанијата ....................................................70

Табела 13 Предлог мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија ..........................................................................................................76

Табела 14 План за мониторинг на Стратегиска оцена на животната средина за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија ...............................85

## СЛИКИ

Слика 1 Пошироко опкружување на локацијата и нејзина сообраќајна поврзаност.........17

Слика 2 Граници на Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија ........................................................................................................18

Слика 3 Сегашна состојба на распределба на земјиште според класа на намена во рамки на град Демир Капија ........................................................................................20

Слика 4 Фотографии од планскиот опфат на ГУП за Град Демир Капија ..........................23

Слика 5 Дефинирани реони и нивните граници .................................................................27

Слика 6 Застапеност на класа на намени на земјиште согласно ГУП за Демир Капија 2019 - 2029 ..................................................................................................................28

Слика 7 Град Демир Капија во однос на останатите општини во Република Северна Македонија ................................................................................................................35

Слика 8 Микролокација на планскиот опфат и приказ на објектите и инфраструктурата со кои се граничи.........................................................................................................35

Слика 9 Границите на планскиот опфат ГУП Демир Капија ...............................................36

Слика 10 Сеизмолошка мапа на РСМ ...................................................................................37

Слика 11 Винарии Вила Марија и Попова Кула ...................................................................39

Слика 12 Музеј на Демир Капија...........................................................................................40

Слика 13 Локација на Демир Капија во однос на реките во Република Северна Македонија ..................................................................................................................41

Слика 14 Река Бошава која минува низ Демир Капија.........................................................42

Слика 15 Карактеристики на почва застапена на подрачјето на ГУП за Град Демир Капија ..........................................................................................................................44

Слика 16 Растителен свет карактеристичен за локацијата .................................................45

Слика 17 Вредности на измерена бучава на 4 локации со максимално дозволените вредности ...................................................................................................................46

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско Друштво |
| АКН | Агенција за Катастар и Недвижности |
| ГП | Граничен Премин |
| ГУП | Генерален Урбанистички План |
| ДЗС | Државен Завод за Статистика |
| ЕВН | Енергетска компанија |
| ЕЕА | Европска Агенција за животна средина |
| ЕУ | Европска Унија |
| ИСКЗ | интегрирана контрола и заштита од загадување |
| ЈКП | Јавно Комунално Претпријатие |
| ЈП | Јавно Претпријатие |
| КО | Катастарска Општина |
| ЛЕАП | Локален Акционен План за заштита на животната средина |
| МЕПСО | Оператор на електропреносен систем на Република Северна Македонија |
| МЖСПП | Министерство за Животна Средина и Просторно Планирање |
| МРЦ | Милениумски Развојни Цели |
| НВО | Невладина Организација |
| НЕАП | Национален Еколошки Акционен План |
| ПП | Просторен План |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СОЖС | Стратегиска Оцена на Животната Средина |
| УПВНМ | Урбанистички План вон Населено Место |
| УХМР | Управа за Хидрометеоролошки работи |

# 1. ВОВЕД

Генералниот Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија е изготвен врз основа на Проектна програма заверена од Министерство за животна средина и просторно планирање, а одобрена од Министерство за транспорт и врски (арх.бр.: 24-4042/2 од 11.06.2020), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2018 година (Службен весник на РСМ бр.16/18) и Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-151763/2019 од 20.12.2019год.

Генералниот Урбанистички План на Град Демир Капија ги дефинира основните решенија на идниот развој на Градот во организација на просторот, неговата намена, користење и уредување. Планот ќе овозможи предложените решенија да овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор која ќе резултира со повисок квалитет на условите за живот и работа на граѓаните, а воедно и заштита на животната средина.

Согласно законската регулатива од областа на животната средина при подготовка на краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи на национално и локално ниво за развој на општините во сите аспекти (урбан развој, земјоделие, индустрија, развој на мали и средни претпријатија, туризам, транспорт и др.) потребно е спроведување на *постапка за Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ кој се подготвува (план, програма или стратегија) врз животната средина.*

Постапката е правно обврзувачка во согласност со националното законодавство (Глава X од Закон за животна средина – Сл. Весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 124/2010, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22 и подзаконските акти) и со нејзино навремено спроведување се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, се дефинираат алтернативи и можни мерки за ублажување, намалување или одбегнување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

Министерството за транспорт и врски како одговорна институција за носење на Државната урбанистичко-планска документација сметајќи дека реализацијата на планското решение нема да има негативно влијание врз животната средина донесе **Одлука и Формулар за неспроведување на стратегиска оцена** за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија. На доставените документи Министерството за животна средина и просторно планирање преку издадено Мислење бр. УП1-15-1333/2022 од 15.07.2022 год. (дадено во Поглавје 14.4) одговори дека е потребно да се спроведе постапка за стратегиска оценка за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија.

Министерството за транспорт и врски има искуство во спроведување на постапката која вклучува: активно учество на јавноста, ставање на увид на нацрт Извештаите и организирање на јавна расправа за истите.

***Планскиот документ кој беше предмет на анализа и за кој се однесува Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија.***

Планскиот опфат се наоѓа на територијата на Општина Демир Капија и зафаќа површина од 204,078 ha.

Се очекува реализацијата на Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија да обезбеди формирање на физичка, функционална, економска и естетска целина преку дефинирање на јавното земјиште, коридорите за сообраќај и инфраструктура, зеленилото и земјиштето за изградба на градби од јавен карактер, со што земјиштето би било долгорочно планирано и заштитено што ќе овозможи поволни услови за домување, работа и задоволување на културните и рекреациските потреби на жителите од градот.

Вградувањето на аспектите на животната средина при процесот на урбанистичкото планирање и партиципативната демократија која вклучува учество на јавноста при стратешко планирање на развој на Општина Демир Капија се основни постулати за дизајнирање на урбанистичката планска документација.

За подготовка на Извештајот за стратегиска оценка за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија, Агенцијата за планирање на просторот како изготвувачи на планската документација го ангажираше Друштвото за технички консултантски услуги “ЕкоМозаик“ дооел Скопје. Во подготовката на Извештајот учествуваа:

***a) Славјанка Пејчиновска – Андонова, дипл. инж. технолог, Експерт за Стратегиска оцена на животната средина и***

***b) Марија Николоска, дипл. инженер за животна средина, Експерт за Стратегиска оцена на животната средина.***

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина беше подготвен во Декември 2022 година.

*По спроведената јавна расправа и ставањето на јавен увид на нацрт верзијата на Извештајот за СОЖС (јануари – февруари 2023) согласно законската регулатива и добиеното Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање, во февруари 2023 година. Експертот ја подготви финалната верзија на Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за предметната планска документација.*

Главните наоди од јавниот увид и јавната расправа се дадени во Поглавје 14.4 и во продолжение се дадени и релевантните прилози:

А) Соопштение до јавноста за ставање на јавен увид на нацрт Извештајот за СОЖС и соопштение до јавноста за одржување на јавна расправа во дневен весник и неколку фотографии од јавната расправа;

Б) Листата на учесници на јавната расправа;

В) Записник од јавната расправа;

Г) Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање.

# 2. ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

## 2.1 ЦЕЛ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА И УПОТРЕБЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Цел на Извештајот за Стратегиска оцена за животна средина за Генерален Урбанистички План за град Демир Капија, општина Демир Капија за плански период 2019-2029 е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено со планот во целите дефинирани при изработката на ГУП-от од страна на планерите. Навременото вклучување на целите на заштита на животната средина ќе овозможи одржлив развој на градот Демир Капија, како и на Општина Демир Капија и Вардарскиот плански регион, како и обезбедување на квалитетни услови за живеење.

Методологијата која се користеше при подготовка на Извештајот за Стратегиска оцена животна средина на влијание на Генерален Урбанистички План за град Демир Капија, општина Демир Капија за плански период 2019-2029, врз животната средина се базира на спроведување на истражувања, проценки и аналитички пристап кој опфати неколку чекори:

а) Преглед и анализа на сегашната состојба со животната средина во предложениот плански опфат (град Демир Капија) и неговата непосредна близина – Општина Демир Капија;

б) Запознавање со ГУП-от за предметниот опфат, Условите за планирање на просторот, документационата основа и планската документација и графичките делови од истите;

в) Посета на локацијата и комуникација со одговорните лица од одделенијата за урбанизам и заштита на животна средина во Општина Демир капија (Ноември 2022);

г) Идентификација на веќе дефинираните цели за заштита и унапредување на животната средина во постоечки стратешки документи на локално, национално и меѓународно ниво:

- Просторен план на Република Македонија
- Национален План за заштита на животната средина - НЕАП II
- Стратегија за управување со ризици 2018 - 2020
- Национална Стратегија за приближување кон ЕУ
- Индикатори за животна средина
- Национален Еколошки Акционен План на РМ (НЕАП II, 2006)
- Национална стратегија за одржлив развој (2008) за период 2010-2030
- Национална стратегија за транспорт (2019)
- План за управување со отпад во РСМ (2021-2031)
- Национална Стратегија за управување со отпад (2008 – 2020)
- Национална Стратегија за заштита на природата (2017-2027 год.)

- Локален План за заштита на животната средина за Општина Демир Капија
- Регионален план за управување со отпад во Вардарски регион
- Програма за развој на Вардарски плански регион 2021 - 2026
- Регионална Програма за инклузивен туризам на Вардарски Плански Регион 2021 – 2024 година
- Хидролошка студија за река Бошава низ урбанизиран дел од градот до влив во река Вардар, општина Демир Капија.

д) Преглед на постоечка состојба на најважните елементи од животната средина на подрачјето дефинирано со планскиот опфат кои би биле најосетливи при реализирање на ГУП за градот Демир Капија;

ѓ) Идентификација на позитивните и можните негативни влијанија од реализирањето на ГУП врз клучните елементи на животната средина;

е) Оцена на сите можни влијанија по неколку критериуми (во однос на типот, природата, јачината, времетраењето, реверзибилноста, значењето, синергетските ефекти и кумулативните зависности меѓу влијанијата;

ж) Проценка од страна на експертот дали влијанијата можат да бидат спречени, избегнати, ублажени и/или компензирани;

з) Подготовка на План со превентивни и корективни мерки за ублажување на влијанијата на планот врз животната средина и предлог на План за мониторинг на спроведувањето на предложените мерки;

ѕ) Информирање на сите донесувачи на одлуки и вклучени страни за последиците од реализирање на планот врз животната средина преку обезбедување на јавен увид на нацрт верзијата на Извештајот за стратегиска оцена врз животната средина

и) Обезбедување на транспарентен процес на вклучување на јавноста и одржување на јавна расправа.

Како краен резултат од експертската работа е овој нацрт Извештај кој е подготвен согласно барањата на Уредбата за содржината на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина (“Сл. Весник на РМ “ бр. 153/07) .

Експертот во подготовката употребуваше стручна литература од оваа област стратешки национални документи, национална релевантна законска регулатива, меѓународни договори, карти, урбанистичката планска документација, различни матрици за оценка, матрици за компатибилност на целите како и извештаи и препораки од меѓународни институции водечки во светот во оваа проблематика. Истите се евидентирани во прилозите кон Извештајот:

а) Прилог 1 - Листа на релевантна национална законска регулатива и ЕУ Директивите релевантни за медиумите на животната средина, како и меѓународни договори прифатени од Република Македонија, б) Прилог 2 - Листа на користена литература и техничка документација кои придонесоа кон квалитетот на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за планскиот документ.

# 3. ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ПЛАНСКИ ОПФАТ

## 3.1 ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Генералниот Урбанистички План на Град Демир Капија е подготвен од страна на Агенцијата за планирање на просторот и ДПУП Урбанизам ДОО Битола во октомври 2022 год.

Планската документација е изработена врз основа на член 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) , Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработката на Урбанистичко-плански документации и Архитектонскоурбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработката на Проектот за инфраструктура (Службен весник на РМ бр.142/15)и точка 1.1 од Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година (Сл. весник на РМ бр.16/18, 56/18, 73/18 и 212/18), која гласи:

- Урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за кои се прифатени предлози доставени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во текот на јавниот повик од член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15,193/15, 31/16 и 163/16, 64/18, 168/18), како и согласно Годишната програма за 2019 година (Сл. весник на РМ бр.16/19, 107/19 и 248/19) и согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој, претходната урбанистичко-планска документација, планската програма, ажурираната геодетска подлога и условите зададени со Просторниот план на Република Македонија (2002-2020). Исто така, планскиот концепт е условен и од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот и од мерките за заштита на животната средина и природата и заштитата и спасувањето. Изработката на Генералниот урбанистички план за град Демир Капија, врз основа на претходната планска документација ГУП Демир Капија 1999-2010 год, ГУП измена и дополна од 14.02.2007год., ГУП Попова кула и Проекти за инфраструктура донесени до денес, за делови од планскиот опфат на ГУП како што се проект за мост на река Бошава, Регулација на коритото на река Бошава, Клучка Демир Капија, Проект за авантуристички парк, како и останатите релевантни планерски критериуми, постојната состојба, топографијата на теренот,

изградениот градежен фонд, природните зададености на просторот, валоризацијата на културното наследство ќе овозможи дефинирање на параметри за понатамошна изработка на Детални урбанистички планови со утврдени општи и посебни услови.

Составни делови на предлог планот се:

а) Документациона основа со текстуален, нумерички и графички дел и

б) Планска документација со текстуален, нумерички и графички дел.

***Документационата основа*** ги систематизира податоците за постојната состојба во рамки на планскиот опфат и направена е анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат. Систематизирани се податоци за географското и геодетско одредување на планскиот опфат, границите и површината на планскиот опфат, претставена е хронологија на планирање и уредување на подрачјето.

Документационата основа е изготвена врз: геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога изработен од АКН (Агенција за катастар на недвижности) постапувајќи по одлука на Влада на РСМ бр. 45-4860/12 од 16.09.2019 год. увид на локација од страна на стручни лица планери, изработувачи на планскиот документ, Одобрена Планска програма со Потврда за заверка од Министерството за транспорт и врски со бр. 24-4042/2 од 11.06.2020 год. Планската програма за изработка на ГУП е доставена преку информацискиот систем е- урбанизам како предмет бр. 24-4042/1 од 10.06.2020.– Услови за планирање на просторот за ГУП на град Демир Капија со тех.бр. 20319, со Решение за Услови за планирање бр. 0804-1087/2 од 10.12.2019год.

Документационата основа ги содржи и накратко податоците за природните карактеристики на опфатот, податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на територијата во рамките на планскиот опфат, основни податоци за подрачјето (сеизмички карактеристики, климатски и микроклиматски услови, хидрографија и хидрологија итн.), представени се демографските, економските стопанските и сообраќајните карактеристики, вклучувајќи ја накратко и постојната состојба во поглед намена на просторот, природно и културно наследство, сообраќајна, водостопанска канализациона инфртруктура.

Покрај горенаведените податоци, за потребите на документационата основа беше побарано и Мислења од јавни претпријатија, институции и правни лица (Министерство за одбрана, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање (Сектор за води и Сектор за природа), Министерство за здравство, Агенција за катастар на недвижности, Министерство за труд и социјална политика, ЈП Национални шуми, Електродистрибуција Дооел Скопје, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за култура, Управа за заштитана културно наследство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за труд и социјална политика, ЕВН, Македонски Телеком АД Скопје, А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, АД Водостопанство на РСМ – Скопје, Агенција за електронски комуникации, МЕПСО, Јавно претпријатие за железничка инфраструктура, Агенција за цивилно воздухопловство, ДЗС Неготино, ЈП Бошава, Водостопансто Тиквеш Кавадарци, Јавно претпријатие за државни патишта, Македонски енергетски ресурси, АД ГАМА) за постоечки подземни електрични, водоводни и телекомуникациски инсталации на предметниот опфат. Во законскиот

утврден рок од 30 дена не беше добиено Мислење од сите институции и се користеа податоци кои беа на располагање.

Графичкиот дел ги содржи: Извод од просторен план на РМ (карта бр. 20, 22, 23, 24) (1:250000), Ажурирана геодетска подлога со граница на планскиот опфат (1:2500), Извод од ГУП на Град Демир Капија (1999-2010) (1:2500), Збирен графички прилог со одобрени проектни документации од понизок ранг (1:2500), Инвентаризација и снимање на изградениот грдежен фонд и вкупната физичка супраструктура(1:2500), Инвентаризација на комунална инфраструктура – Водостопанска и Канализациона инфраструктура (1:2500), Инвентаризација на комунална инфраструктура – Електро-Енергетска и Електронско-комуникациска инфраструктура (1:2500), Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење и културни предел-инвентар А (1:2500), Инвентаризација и снимање на постојни споменични целини, градби од културно-историско значење и културни предел -инвентар Б (1:2500).

***Планската документација*** дава опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба и на градежното земјиште за општа употреба.

Претставени се видот на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и планскиот период за кој се донесува, местоположбата на планскиот опфат, условите за планирање на просторот, планската програма, опис и образложение на планскиот концепт за просторен развој и намената на земјиштето и градбите.

Во Поглавје 5 од Планската документација, претставени се општи мерки за заштита на културното наследство, природата и животната средина како и мерки за заштита и спасување. Во продолжение даде ни се општи услови за изградба посебни услови за градење, урбанистички параметри, режим на користење на земјиштето и градбите во блоковите во ГУП за Град Демир Капија.

Во Планската документација се дадени и нумеричките и билансните показатели од планските решенија за целиот плански опфат. Претставени се и условите за градење, развој и користење на земјиштето како и посебните услови кои важат за планскиот опфат.

Графичкиот дел ги содржи следните документи: Пошироко просторно опкружување, сообраќајни аспекти и поврзаност (1:10000), План на територија на плански опфат и урбанистички рдиници со дефинирани плански опфати за детално планирање (1:2500), План на намена на земјиштето, границите на наменските зони и општиот режим на градење и употреба (1:2500), Регулациски план - Просторна Организација на урбани блокови со регулациски линии на примарните сообраќајни коридори (1:2500), План на сообраќајните инфраструктури-улична мрежа, шинска мрежа и објекти (1:2500), План на комуналните инфраструктури- водовод, канализација, електродистрибуција, топловод, гасовод, поштенски, телефонски, телекомуникациски супра и инфраструктури (1:2500), План на зеленило, јавни површини и објекти од јавен интерес (1:2500), План на заштитените објекти, целини и предели-режим на заштита- Зони на заштита (1:2500), План на заштитените објекти, целини и предели-Режим на заштита - Степен на заштита (1:2500), План на заштитените објекти, целини и предели-Режим на заштита мерки на заштита (1:2500), Синтезна карта на планските решенија (1:2500).

## 3.2 ПЛАНСКИ ОПФАТ

Површината на планскиот опфат за Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија изнесува 204,078 ha.

Границата на плански опфат се простира во катастарска општина КО Демир Капија и е дефинирана како граница на урбаното подрачје на градот Демир Капија и се протега во границите помеѓу:

- на север и исток граничи со трасата на новиот автопат А1 Скопје - Гевгелија;
- на запад по катастарски парцели, сообраќајница, граничи со плански опфат на план за земјоделско стопанство, УПВНМ за индустриска зона „Попова Кула“, м.в. Долна Ергела, и УПВНМ за спорт и рекреација Лагот и Куријте;
- на југ, границата се движи по граници на катастарски парцели и границата на опфатот на актуелниот ГУП;
- на југоисток граничи со коритото на река Вардар;
- на исток граничи со коритото на реката Вардар и појасот на магистралниот пат - автопат Е-75 – А1.

Границата на планскиот опфат прикажана со координати:

- на север X 7603298.3011 Y 4586559.1241,
- на исток X 7605654.634 Y 4585140.063,
- на југ X 7603596.2322 Y 4584604.2087,
- на запад X 7603051.6254 Y 4585540.1837.




Слика 1 Пошироко опкружување на локацијата и нејзина сообраќајна поврзаност

Планскиот опфат со постојната состојба е даден на **Error! Reference source not found.**.



Слика 2 Граници на Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија

## 3.3 НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО

Со Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18): А – Домување, Б – Комерцијални и деловни намени, В – Јавни институции, Г – производство, дистрибуција и сервиси, Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Е – инфраструктура, ПУ – примарна улична мрежа, Ж – железница и Е1 – река.

### *3.3.1 Сегашна состојба на предметниот простор*

Предметната локација за предметниот ГУП за град Демир Капија, општина Демир Капија, има изграден градежен фонд, комунална супраструктура и комунална инфраструктура. Во најголем дел евидентирани се градби за А- домување со 22,14% од опфатот на ГУП – Демир Капија, каде во најголем процент е застапено А1-домување во станбени куќи со 22 %. Од друга страна во најголем процент е застапена Урбаната агрикултура со 25% од опфатот на ГУП Демир Капија и следно е Неизградено градежно земјиште кое е застапено со 21%.

Табела 1 Постојна површина по намена на земјиштето

| Класа на намена | Постојна состојба (ha) | Вкупна состојба во % |
|---|---|---|
| **А** – Домување | 45,192 | 22 |
| **Б** – Комерцијални и деловни намени | 2,429 | 1 |
| **В** – Јавни институции | 5,099 | 2 |
| **Г** – производство, дистрибуција и сервиси | 7,036 | 3 |
| **Д** – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | 13,471 | 7 |
| **Е** – инфраструктура | 24,98 | 12 |
| Е1 комунална ифраструктура<br>Е2 комунална супраструктура | 3,237 | 2 |
| Жлезничка станица | 1,153 | 1 |
| **ПУ** – примарна улична мрежа | / | / |
| **АВ** – автопат | / | / |
| **Е1** – река | 7,186 | 4 |
| **Дол** – дол | / | / |
| **НЗГ – Неизградено Градежно Земјиште** | 43,204 | 21 |
| **У. Агр. – Урбана Агрикултура** | 51,084 | 25 |
| **Вкупно** | **204,078 ha** | **100 %** |




Слика 3 Сегашна состојба на распределба на земјиште според класа на намена во рамки на град Демир Капија


















Слика 4 Фотографии од планскиот опфат на ГУП за Град Демир Капија

### *3.3.2 Биланс на површини*

Површината за планираната наменска зона за домување на ниво на плански опфат за Генерален урбанистички план за Демир Капија изнесува 84.405 ha, распоредено во 5 реони и 14 блокови. Домувањето претставува најзастапена намена во рамки на планскиот опфат и претставува 41% од вкупната површина на планскиот опфат.

Површината за планираната наменска зона за комерцијални и деловни намени на ниво на плански опфат за Генерален урбанистички план за град Демир Капија изнесува 13,064 ha. Во однос на евидентираната постојна површина на група на класа на намени: комерцијални и деловни намени – Б од 1 %, се предвидува дополнување на намената да стигне до 6,39 %.

Површината за планираната наменска зона за јавни функции на ниво на плански опфат за Генерален урбанистички план за град Демир Капија, изнесува 6,12 ha или 3% од вкупната површина на планскиот опфат. Во однос на евидентираната постојна површина на група на класа на намени: јавни функции – В од 5,099 ha, се предвидува мало дополнување на намената кое ќе се зголеми за 1% од вкупната површина на планскиот опфат.

Површината за планираната наменска зона за Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намена Г на плански опфат за Генерален урбанистички план за град Демир Капија, изнесува 56,277 ha. Во однос на евидентираната постојна површина на група на класа на намени: производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намена Г од 7,036 ha, се предвидува значително дополнување на намената кое ќе се зголеми на 28 % од вкупната површина на планскиот опфат.

Плански опфат за Генерален урбанистички план за град Демир Капија вклучува и површината за планираната наменска зона за Примарна улична мрежа – ПУ која ќе изнесува 8,580 ha.

Билансните показатели по идното планско решение дадени на Табела 2 покажуваат дека површината за наменските зони: НЗГ – неизградено градежно земјиште и У. Агр. – урбана агрикултура, се целосно пренаменети.

Табела 2 Билансни показатели по идното планско решение

| **Класа на намена** | **Вкупна (Постојна заедно со планирана) состојба (ha)** | **Вкупна состојба во %** |
|---|---|---|
| **А** – Домување | 84,405 | 41 |
| **Б** – Комерцијални и деловни намени | 13,064 | 6 |
| **В** – Јавни институции | 6,119 | 3 |
| **Г** – производство, дистрибуција и сервиси | 56,277 | 28 |
| **Д** – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | 15,889 | 8 |
| **Е** – инфраструктура | 8,460 | 4 |

| **Класа на намена** | **Вкупна (Постојна заедно со планирана) состојба (ha)** | **Вкупна состојба во %** |
|---|---|---|
| Е1 комунална ифраструктура<br>Е2 комунална супраструктура<br>Жлезничка станица | 3,833 | 2 |
| **ПУ** – примарна улична мрежа | 8,580 | 4 |
| **АВ** – автопат | 0 | 0 |
| **Е1** – река | 7,452 | 4 |
| **Дол** – дол | 0 | 0 |
| **НЗГ – Неизградено Градежно Земјиште** | 0 | 0 |
| **У. Агр. – Урбана Агрикултура** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **204,078 ha** | **100 %** |

Вкупните нумерички показатели за наменски зони на ниво на реон согласно планското решение се дадени во Табела 3.

Табела 3 Нумерички показатели за наменски зони на ниво на реон во идното планско решение

| ГУП ДЕМИР КАПИЈА 2019-2029 | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НАМЕНСКИ ЗОНИ НА НИВО НА РЕОН** | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ГУП ДЕМИР КАПИЈА** | **НАМЕНА** | **Домува ње** | **Комерц ијални и деловни намени** | **Јавни функци и** | **Произво дство, дистриб уција и сервиси** | **Зеленил о, спорт, рекреац ија и меморij ални простор и** | **Инфраст руктура** | **Примар на улична мрежа** | **Автопат** | **Железн ица** | **Река** | **Доп** | **Вкупно** | **Жители** | **Густина (жит/ha)** | **Густина (жит/ha)** |
| | **ШИФРА** | **А** | **Б** | **В** | **Г** | **Д** | **Е** | **ПУ** | **АВ** | **Ж** | **Е1** | **Доп** | | | **нето густина во однос на намена А** | **Бруто густина во однос на опфат** |
| **РЕОН Ц** | (ха.) | 23,863 | 1,004 | 4,111 | 0,000 | 0,865 | 2,398 | 1,452 | 0,000 % | 0,949 | 1,805 | 0,000 | 36,446 | 623 | 26,11 | 17,09 |
| | (%) | 65,48 % | 2,76 % | 11,28% | 0,00% | 2,37 % | 6,58 % | 3,98 % | 0,00 % | 2,60 % | 4,95 % | 0,00 % | 100,00 % | | | |
| **РЕОН И** | (ха.) | 1,870 | 12,060 | 0,000 | 13,117 | 10,705 | 0,000 | 1,824 | 0,000 | 2,884 | 3,787 | 0,000 | 46,247 | 48 | 25,66 | 1,04 |
| | (%) | 4,04 % | 26,08 % | 0,00 % | 28,36 % | 23,15 % | 0,00 % | 3,94 % | 0,00 % | 6,24 % | 8,19 % | 0,00 % | 100,00 % | | | |
| **РЕОН З** | (ха.) | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 13,409 | 1,874 | 6,063 | 1,375 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 22,721 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| | (%) | 0,00 % | 0,00 % | 0,00 % | 59,02 % | 8,25 % | 26,68 % | 6,05 % | 0,00 % | 0,00 % | 0,00 % | 0,00 % | 100 % | | | |
| **РЕОН С** | (ха.) | 8,264 | 0,000 | 0,000 | 27,444 | 0,000 | 0,000 | 1,085 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 0,000 | 36,871 | 1314 | 26,07 | 21,24 |
| | (%) | 22,46 % | 0,00 % | 0,00 % | 74,59 | 0,00 % | 0,00 % | 2,95 % | 0,00 % | 0,00 % | 0,00 % | 0,00 % | 100,00 % | | | |
| **РЕОН Ј** | (ха.) | 50,407 | 0,000 | 2,008 | 2,306 | 2,445 | 0,000 | 2,844 | 0,000 | 0,000 | 1,861 | 0,000 | 61,871 | 1314 | 26,07 | 21,24 |
| | (%) | 81,47 % | 0,00 | 3,25 % | 3,73% | 3,95 % | 0,00 | 4,60 % | 0,00 | 0,00 | 3,01 % | 0,00 | 100,00 % | | | |
| **ВКУПНО** | (ха.) | 84,405 | 13,064 | 6,119 | 56,277 | 15,889 | 8,460 | 8,580 | 0,000 | 3,833 | 7,452 | 0,000 | 204,078 | 2200 | 26,06 | 10,78 |
| | (%) | 41,36 % | 6,40 % | 3,00 % | 27,58% | 7,79 % | 4,15 % | 4,20 % | 0,00 | 1,88 % | 3,65 % | 0,00 | 100,00 % | | | |

При дефинирањето на планскиот концепт за Генерален план за град Демир Капија, утврдени се и 5 (пет) реони: Ц (центар) И (исток), З (запад), С (север) и Ј (југ), и тоа претставува примарна просторна распределба. Реонот претставува територијална единица, составена од блокови кои претставуваат планерски единици за планирање на просторот.




Слика 5 Дефинирани реони и нивните граници

Утврдените реони како територијални единици, се со следната површина:

- Реон Центар (Ц) = 36,60 ha;
- Реон Исток (И) =46,26 ha;
- Реон Југ (Ј) = 61,68 ha;
- Реон Север (С) =36,79 ha;
- Реон Запад (З) = 22,72 ha.




Слика 6 Застапеност на класа на намени на земјиште согласно ГУП за Демир Капија 2019 - 2029

Споредбените нумерички вредности од постојната состојба и планските решенија се прикажани во Табела 4.

Табела 4 Споредбени нумерички вредности од постојната состојба и планските решенија по наменски зони

| **СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНСКИ ЗОНИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **НАМЕНА** | **ПОСТОЈНА СОСТОЈБА** | | **ГУП 2021** | | **РАЗЛИКА (ГУП 2021 / ПОСТОЈНА СОСТОЈБА)** | |
| 1. | 2. (ha) | 3. ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ (%) | 4. (ha) | 5. ПРОЦЕНТ НА ЗАСТАПЕНОСТ (%) | 6. = (4-2) (ha) | 7. = (4-2)/2 (%) |
| Домување - **А** | 45,19 ha | 22,14 % | 84,67 ha | 41, 49 % | +39,48 ha | +87,36 % |
| Комерцијални и деловни намени - **Б** | 1,99 ha | 0,98 % | 13,06 ha | 6,40 % | +11,07 ha | +555,63 % |
| Јавни функции – **В** | 5,10 ha | 2,50 % | 6,12 ha | 3,00 % | +1.02 ha | +20,00 % |
| Производство, дистрибуција и сервиси - **Г** | 7,04 ha | 3,45 % | 56,28 ha | 27,58 % | +49,24 ha | +699,83% |
| Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори - **Д** | 13,47 ha | 6,60 % | 15,18 ha | 7,44 % | +1,71 ha | +12,68 % |
| Инфраструктура - **Е** | 24,98 ha | 12,24 % | 8,15 ha | 3,99 % | -16,83 ha | -67,37 % |
| Сообраќајна инфраструктура – **С** (Примарна улична мрежа, автопат, железница) | 4,46 ha | 2,18 % | 12,41 ha | 6,08 % | +7,96 ha | +178,45 % |
| Неизградено градежно земјиште - **Н** | 43,58 ha | 21,35 % | 0,00 ha | 0,00 % | -43,58 ha | -100,00 % |
| Урбана агрикултура - **У** | 51,08 ha | 25,03 % | 0,00 ha | 0,00 % | -51,08 ha | -100,00 % |
| Река – **Е1** | 7,19 ha | 3,52 % | 8, 20 ha | 4,02% | +1.01 ha | +14,10 % |
| Вкупно: | 204,08 ha | 100 % | 204,07 ha | 100 % | -0,00 ha | -0,00 % |

А) **Сообраќајна инфраструктура**

Планираната сообраќајна инфраструктура во рамките на просторот на планскиот опфат на ГУП за градот Демир Капија се темели на начелата на рамномерен просторен развој, проточност и безбедност на сообраќајот, квалитетно поврзување со постојна и планирана мрежа на државни патишта и железница, а се со цел да се обезбеди зголемување на квалитетот на животот во предметниот простор од сите аспекти.

Сообраќајно поврзување на планираната улична мрежа на градот Демир Капија со планираната мрежа на државни патишта е предвидено преку реализираниот(постоен) патен јазел во два нивоа поставен северно од опфатот.Патниот јазол е со основен патен правец Автопат А1(Коридор 10-Е75) – граница со Р.Србија (ГП Табановце) – Куманово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – Р.Грција (ГП Богородица) и секундарен патен правец регионален пат Р1102 – Скопје (врска со А2 – обиколница Скопје) – Катланово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – врска со А1) од кој во чиј заштитен појас навлегува североисточниот дел од опфатот на ГУП. Сообраќајно поврзување со државниот железничкиот сообраќаен подсистем е предвидено преку постојна магистрална железничка линија (Коридор 10) Граница со Р.Србија (ГП Табановци) – Куманово – Велес – Неготино – Демир Капија – Гевгелија – Р.Грција, како дел од мрежата на државни железници која траса (лира – железничка станица Демир Капија) е поставена во источниот дел од опфатот на овој ГУП.

Улична мрежа во опфатот е планирана да го прифати сообраќајот од секундарната улична мрежа (станбени,пристапни), да го поврзе со планираната мрежа на државни патишта (и обратно).




Б) **Водостопанска инфраструктура**

Водоснабдувањето на Општина Демир Капија се врши од акумулациите и површинските води. Акумулациите зафатени од различни типови на брани овозможуваат користење на нивната вода како за водоснабдување на општината така и за наводнување на земјоделските површини. Околу 60 % од водоводниот систем е постар повеќе од 30 години и претежно е изработен од азбестно-цементни цевки, поради што се преземаат активности за нивна замена.

Градот сега се водоснабдува од експлоатационен бунар во месноста „Средотек“. Водите од бунарот се преработуваат во филтер станицата која се наоѓа во непосредна близина на бунарот – јужно на околу 200 m.

За рационално и наменско користење на водата потребна е изградба на две водоснабдителни мрежи: за санитарна вода и за техничка вода. Санитарна водаќе се обезбеди од водоснабдителната мрежа на градот. Техничка вода (за поливање на зеленилото и одржување накомуналната хигиена) ќе се обезбеди од независен извор.

Во границите на планскиот опфат се предвидува изградба на сепарациска канализациска мрежа - фекална и атмосферска.

Фекалните отпадни води ќе се прифатат во колекторите кои се изведени на левиот и десниот брег на реката. Потребно е и доизградба на колекторите до локацијата предвидена за пречистителна станица.

Примарната фекална канализациска мрежа предвидено е да биде изведена од цевки со минимален дијаметар од 250 mm. На канализациската мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за функционирање на канализациската мрежа.

Примарната атмосферска канализациска мрежа предвидено е да биде изведена од цевки со минимален дијаметар од 300 mm. На канализациската мрежа ќе бидат изведени ревизиони и приклучни шахти и други објекти потребни за нејзиното функционирање.

Во градот нема изведена атмосферска канализација. Водите ќе се испуштаат во најблискиот реципиент реката Бошава или во најблиските долови.

За заштита на просторот од поплави по целата должина на водотекот кој минува низ урбанистичката зона се предвидува да се изгради регулирано корито кое ќе ги прифати големите води.

В**) Електроснабдување, јавно осветлување и електронски комуникации**

Градот е приклучен во преносната мрежа со 35-110 kV далновод. Трансформаторската станица во Демир Капија 110/35/10kV, 10кVА е главна приклучна точка на корисниците во овој регион.

Од обновливите извори на енергија, во планскиот опфат на Демир Капија има изградено фотоволтаични електрани. Во план или во постапка за градба се и други фотоволтаични електрани.

Во градот Демир Капија и во негова непосредна близина има изградено постојна електронско комуникациска мрежа составена од: подземни оптички, коаксијални и бакарни кабли и кабелска канализација.

### *3.3.3 Реализација на планското решение*

Генералниот урбанистички план за град Демир Капија, во согласност со развојните просторни насоки кои произлегуваат од Просторниот план за територијата на целата држава, утврдува организациска структура на просторот на Градот, заштита на природните и културните вредности, користење и намена на површините со услови и мерки за нивно уредување.

Приоритет и основна цел во изработката на Генералниот урбанистички план на град Демир Капија е правилното насочување на развојот на градот, во смисла на негова социо-економска ревитализација, што ќе се постигне со унапредување на урбаната структура на градот, насоки за надминување на културната маргинализација, економската заостанатост заедно со намален интерес за развој, стопанската и сообраќајна неефикасност, унапредување на квалитетот на животната средина

### *3.3.4 Изводи од Просторниот План на Република Македонија*

Карактеристиките на планскиот опфат и директната компатибилност со Просторниот План на РМ (2004-2020) се дадени на следните изводи од ПП.







**Користење на земјиштето** **Потенцијал на природни хазарди**




Систем на населби и сообраќајна мрежа




Водостопанска и енергетска инфраструктура

# 4. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ И СЕГАШНА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОСТОРОТ

Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во градот Демир Капија, седиштето на истоимената општина.

Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во Општина Демир Капија која според географската диспозиција е сместен во југоисточниот дел од Република Северна Македонија, со просечна висина од 105 м.н.в. Градот се наоѓа во јужниот дел на Тиквешката котлина, пред Вардар да навлезе во Демиркаписката Клисура.

Преку анализа на карактеристиките на пределот за кој се иработува Генералниот Урбанистички План ќе се направи идентификацијата на постојните нарушувања и осетливи елементи на животната средина.

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата (географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, климатски и др.) и се директно поврзани со состојбата на животната средина на тоа подрачје.

Паралелно се евидентира сегашната состојба по медиуми во животната средина како директен резултат на човековата активност, демографија, природно - културните добра, археолошки локалитети. Во исто време, се овозможува да се воспостават мерки за заштита, намалување, ублажување и/или компензирање на идентификуваните влијанија, со примена на технички мерки и општо прифатените практики се тоа опфатено во Планот за управување со животната средина, а дополнително се изработува и План за мониторинг на животната средина.

### *4.1.1 Географска положба*

Општина Демир Капија се наоѓа во јужниот дел на Република Северна Македонија, односно југоисточниот дел на Тиквешката Котлина на исклучителна важна географско-стратешка положба. Под поимот Тиквешија се подразбираат рамнините од двете страни на реката Вардар, познати како Повардарие, почнувајќи северозападно од устието на реката Брегалница во река Вардар, југоисточно до устието на Бошавица, потоа долината на Црн Река од крајот и Тиквешката клисура до вливот на реката Вардар, брановидните терени и речните долини кои се наоѓаат помеѓу Црна и Бошавица, како и ниските наклонети делови на планините кои ја опколуваат долината од соседните области. Општина Демир Капија граничи со соседните Општини: Неготино, Кавадарци, Гевгелија, Валандово и Конче. Се граничи со Општина Неготино од Црвениот рид по вливот на Прждевска река во реката Вардар и планината Сврачка, продолжува низ рамнината на селото. Локацијата на Град Демир Капија во однос на другите општини во Република Северна Македонија е прикажана на Слика 7.




Слика 7 Град Демир Капија во однос на останатите општини во Република Северна Македонија

Локацијата на планскиот опфат се наоѓа во градот Демир Капија, кој е лоциран во средина на истоимената општина.




Слика 8 Микролокација на планскиот опфат и приказ на објектите и инфраструктурата со кои се граничи

Границата на планскиот опфат на ГУП Демир Капија е дефинирана како граница на урбаното подрачје на градот Демир Капија и е прикажана на зафаќа површина од 204,078 ha и се протега во границите помеѓу:

- На север и исток граничи со трасата на новиот автопат А1 Скопје – Гевгелија;
- На запад по катастарски парцели, сообраќајница, граничи со плански опфат на план за земјоделско стопанство, УПВНМ за индустриска зона „Попова Кула“, м.в. Долна Егрела, и УПВНМ за спорт и рекреација Лагот и Куријте;
- На југ, границата се движи по граници на катастарски парцели и границата на опфатот на актуелниот ГУП;
- На југо-исток граничи со коритото на река Вардар;
- На исток граничи со коритото на реката Вардар и појасот на магистралниот пат – автопат Е-75 – А1

Границите на планскиот опфат на ГУП Демир Капија е прикажан на Слика 9.




Слика 9 Границите на планскиот опфат ГУП Демир Капија

## *4.1.2 Релјеф*

Општина Демир Капија е сместена во јужниот дел на Република Северна Македонија поточно во југоисточниот дел од Тиквешката котлина и значајна географска позиција и има просечна надморска висина од 622 m и површина од 309km2.

Највисока кота во Демир Капија е местото Волчјак со 1159 м.н.в. на Конечка планина, а најниска е на речното корито на реката Вардар со 85 м.н.в. Општина Демир Капија има разнообразен и разигран терен, кој го прави просторот богат со релјефни посебности, облици и форми. Котлината, набљудувана во целина, претставува претежно планинско и полупланинско подрачје. Од нејзината површина една петтина се висорамнини.

Планинските венци кои ја оградуваат котлината од југ, југозапад и запад се високи и нивните највисоки врвови изнесуваат над 1500 м.н.в. Дел од планините се пошумени со висока вегетација, а падинските делови се обраснати со ниска вегетација, а дел се голи и се избраздени од бројните порои под дејството на атмосферските води. Рамничарските и низиските терени се покрај речното корито на река Вардар и околу коритата на реките Бошавица, Дошница и другите помали водени текови. Овие рамнини ги претставуваат најниски делови на котлината и се и најплодните терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Ридестите терени се поволни за одгледување на винова лоза и за други земјоделски култури.

Општина Демир Капија припаѓа на Вардарската тектонска зона, која е обликувана во вид на тектонски ров и е составен од карпи, чија старост датира од преткамбрискиот период. Од овој период се сретнуваат метаморфни карпи, а застапени се и графитни шкрилци, кварцити, амфиболити и сл.

Предметниот плански опфат за градот Демир Капија се наоѓа во подрачје со XIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.Предметниот плански опфат за градот Демир Капија се наоѓа во подрачје со XIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.




Слика 10 Сеизмолошка мапа на РСМ

### *4.1.3 <u>Клима</u>*

Климатските карактеристики на Општина Демир Капија најмногу зависат од близината на Егејското Море и конфигурацијата на теренот. Затоа, во различни делови од општината се чувствуваат различни климатски влијанија: медитеранско, континентално и планинско. Медитеранската клима доаѓа од јужниот дел и како последица од тоа, Демир Капија спаѓа во редот на топли и сушни реони во Република Северна Македонија.

Продорот на континенталната клима доаѓа преку Велешката клисура, долината на Брегалница и Конечката планина, со што доаѓа до снижување на температурата на воздухот, зголемување на врнежите, јачината на ветровите. Под влијание на континенталната клима се јавуваат долги и ладни зими со краткотрајни ниски температури кои се спуштаат и под - 20 С˚. Планинската клима е карактеристична за главно високите планински и падински делови на општината. Планинската клима се карактеризира со ладни и суви зими со мошне ниски температури и обемни врнежи, влажност, облачност и магли.

Под влијание на двете најсилни климатски влијанија - Медитеранското и Континенталното формираат климатските карактеристики на Општина Демир Капија. Тие може да се опишат како:
топли и суви лета, појава на мразеви во почетокот на пролетта, се до Април, појава на есенските мразеви на крајот на месец Октомври и почетокот на месец Ноември. Температурата на земјиштето ретко е пониска од 0 С˚, што е од особено значење за земјоделското стопанство. Највисоката измерена температура на воздухот по долината на реката Вардар е забележана на 24 јуни 2007 година и тоа температура од 45,7 С˚, додека пак најниско измерената температура е од -23 С˚, измерена на 19.12.2001 година. Просечната годишна количина на врнежите се движи меѓу 400-500 мм воден талог, а во некои години количината на врнежите се спушта и пониско и до 238 мм. Распоредот на врнежите е нерамномерен, при што најмалку дожд паѓа во месец Јули, а најмногу во месеците Мај и Декември. Во Општина Демир Капија преовладуваат два правци на ветрови - северен (Вардарец) и јужен (медитерански - југо). Северните ветрови се силни и ладни поради што влијаат врз снижувањето на температурата, додека јужните ветрови – југо, најчесто дуваат во текот на летото и носат големи горештини. Покрај овие два правци

дуваат и други ветрови со помала брзина. Максимално измерена јачина на ветер во метеоролошката станица во Демир Капија е измерена од 25 m/s или 94 km/h.

### *4.1.4 Население*

Општина Демир Капија според најновиот попис од 2021 година има вкупно резидентно население од 3.777 жители. Општината зафаќа површина од 311 $km^2$ и има густина на население од 12 жители/$km^2$. Околу 80% од населението во општината е од македонска националност, а останатите 20% ги сочинуваат жители од албанска, српска, турска и ромска националност.

Од вкупното население, 1.949 жители се мажи, а останатите 1.828 жители се жени. Најзастапена старосна група во Општина Демир Капија се жителите во старосна група од 60 – 64 години, додека најмалку застапена старосна група се жителите во старосна група од преку 85 години.

Покрај градот Демир Капија, во Општина Демир Капија има 14 останати населени места: Барово, Бесвица, Бистренци, Драчевица, Дрен, Иберли, Клисура, Копришница, Корешница, Кошарка, Прждево, Стрмашево, Челевец и Чифлик.

### *4.1.5 Стопанство*

Дел од планините во општината се пошумени со висока вегетација, падинските делови се обраснати со ниска вегетација, а дел се голи. Рамничарските и низинските терени се покрај речното корито на реката Вардар и околу коритата на реките Бошава, Дошница и другите помали водени текови. Овие терени се најплодни терени за одгледување на земјоделски, индустриски фуражни и други култури. Од друга страна, ридестите предели се поволни за одгледување на винова лоза и други земјоделски култури.

Главната стопанска гранка во Демир Капија и околината е земјоделството особено одгледувањето на винова лоза, житни култури, градинарски култури – црвена пиперка, и тутун. Од другите стопански гранки застапено е ископувањето на песок и камен за градежништво.

На територијата на Општина Демир Капија најуспешен е развојот на лозарството, со услови за рано созревање на грозјето – сорта мускат и раните сорти кралица и кардинал.










Слика 11 Винарии Вила Марија и Попова Кула

### 4.1.6 Културно наследство

Согласно Извештајот од Националниот Конзерваторски Центар на Република Северна Македонија, констатирано е дека на територија на Општина Демир Капија се наоѓаат неколку археолошки локалитети, како и други културни добра – регистрирани споменици на културата.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели. На подрачјето на катастарската општина Демир Капија, постојат регистрирани со Решение недвижни споменици на културата:

- Стопанска целина „Винарска Визба“
- Археолошки комплекс „Демир Капија“
- Автоматски млин – ПИПЕРАНА

На подрачјето на Општина Демир Капија има заштитени недвижни добра, односно добра со статус на културно наследство:

- Археолошки комплекс „Демир Капија“
- Стара автоматска мелница – „Бошава“
- Винарска Визба – „Вила Марија“

Исто така, детектирани се незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита, а тоа се неколку археолошки локалитети од различен период, особено од римскиот и доцноримскиот, но и од средновековниот период. Тоа се вкупно 11 локалитети:

- „Бандера – Бошавица“ – храм и некропола од раноримскиот период, лоцирано на вливот на реката Бошава во Вардар;
- „Бандерица“ – некропола и ѕидан водовод од римскиот период – југоисточната периферија на античката населба Манастир-Варници, лоцирано во Клисурско маало на околу 1 km југоисточно од центарот на Демир Капија;
- „Бања“ – античка вила рустика, која датира од раноантичкиот период;
- „Болница“ – некропола и депо на средновековни монети од раноантички период;
- „Варници“ – некропола од раноантичкиот период лоцирана во дворот на старата фабрика;

- „Градина“ – населба од бронзено и некропола од римско време;
- „Некропола 1“ – некропола од железно време;
- „Некропола 2“ – некропола од железно време;
- „Римски Пат“ – остатоци од пат од римско време, од кој се зачувани 20 метри;
- „Црквиште“ – старохристијанска базилика со некропола и средновековна црква со некропола;
- „Чука-Манастир“ – некропола и базилика од доцноримскиот период и е лоцирана на десната страна на стариот магистрален пат Велес – Гевгелија.




Слика 12 Музеј на Демир Капија

## 4.2 ОПИС НА СЕГАШНАТА СОСТОЈБА СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Во однос на животната средина Општината Демир Капија спаѓа во средно оптоварени населени места, што е резултат на малиот број на жители, незастапеноста на тешка индустрија, местоположбата, климатските фактори и секако грижата за животната средина.

### *4.2.1 Воздух*

Во Општина Демир Капија нема поставено станица за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух. Најблиската станица е лоцирана во Кавадарци, поставена на просторот пред градинката „Гоце Делчев“. Со оваа мониторинг станица се идентификуваат концентрациите на загадувачки супстанци кои се јавуваат како производ на загадување од индустријата, сообраќајот и греењето во домовите во зимскиот период.

Мониторинг станицата врши мониторинг на еколошки и метеоролошки параметри: сулфур диоксид $SO_2$ (µg/$m^3$), суспендирани честички со големина на честичките од 10 микрони PM10 (µg/$m^3$) суспендирани честички со големина на честичките од 2,5 микрони PM2,5 (µg/$m^3$), јаглерод моноксид CO (mg/$m^3$), озон O3 (µg/$m^3$), азот диоксид $NO_2$, како и метеоролошки параметри како: температура и влажност на воздух и правец и брзина на ветер.

Во Табела 5 се прикажани просечните годишни концентрации на гасови во воздухот измерени со фиксната мониторинг станица во Кавадарци.

Табела 5 Гранични вредности за човековото здравје и пречекорување на годишно ниво на мерно место Кавадарци за 2021 година

| Гранична вредност | $SO_2$ $\mu g/m^3$ | $NO_2$ $\mu g/m^3$ | PM10 $\mu g/m^3$ | PM2,5 $\mu g/m^3$ | CO $mg/m^3$ | $NO_2$ $\mu g/m^3$ | O3 $\mu g/m^3$ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Праг на алармирање | 500 | | / | / | | 400 | |
| Гранична 1h вредност за заштита на човековото здравје | 350 | | / | / | | 200 | |
| Колку часа е надмината 1h гранична вредност во 2021 година | / | | / | / | | / | |
| Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје | 125 | | 50 | / | | / | |
| Колку денови е надмината 24h гранична вредност во 2021 година | / | | **175** | / | | / | |
| Целна вредност за човековото здравје | | | / | / | | / | 120 |
| Колку пати е надмината целната вредност за 2020 год. | | | / | / | | / | |

Од податоците на измерените просечни дневни емисии на ПМ10 во Кавадарци за 2021 година, вредностите ги надминале праговите за 175 дена. За останатите загадувачки супстанции не се забележани надминувања на нивниот праг.

## *4.2.2 Вода*

Хидрографијата на Република Северна Македонија ја сочинуваат четири речни сливови: Вардар, Црн Дрим, Струмица и Јужна Морава. Речните сливови на Вардар и Струмица течат кон Егејско Море и се двата речни сливови кои опфаќаат преку 85% од вкупната територија.




Слика 13 Локација на Демир Капија во однос на реките во Република Северна Македонија

Општина Демир Капија припаѓа на Вардарскиот слив и низ општината поминуваат три значајни реки: река Вардар, со должина во општината од 24 km, река Дошница, со должина во општината од 18 km и река Бошава со должина во општината од 15 km. Овие три реки имаат голем број на постојани притоки со слабо количество на вода, а дел од нив се времени водни текови. Специфичниот проток на река Вардар низ Општина Демир Капија изнесува 6 l/s/km$^2$.



Слика 14 Река Бошава која минува низ Демир Капија

Снабдувањето со вода и останатите комунални дејности во Општина Демир Капија се во надлежност на Јавното претпријатие „Бошава". Во градот Демир Капија има две пумпни станици една главна пумпна станица и една помошна, т.е. стар бунар кој во летните периоди се користи како дополнување доколку нема доволен капацитет на новиот бунар.

Проблемите со недостаток на вода за пиење во летниот период најмногу се чувствува во селата, додека пак во градот Демир Капија со овој проблем се соочуваат жителите на ул. Партизанска.

Во градот Демир Капија постои и колекторски систем, но потребно е да се изгради пречистителна станица. 90% опфатеност на инфраструктурата за отпадни води. Годишно количества на отпадна вода за 2021 година изнесува 3.00235 m$^3$/год.

### 4.2.3 Отпад

Собирањето на отпадот во општина Демир Капија го извршува Јавното комунално претпријатие Бошава. Општинската услуга, организирано собирање и одлагање на отпадот ја користат околу 80% од жителите и 90% од правните субјекти, а отпадот се собира од 26 локации - собирни места. Организирано собирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните субјекти се врши во следниве населени места: Демир Капија, Корешница, Бистренца, Прждево, Чифлик и Локалитет и викенд населба Дошница.

Жителите на овие населени места и правните субјекти преку општински проект добија бесплатни 120l пластични канти. Во сите населени места се поставени алуминиумски контејнери од 1.1 m3 за мешан комунален отпад. Иако на Ј.К.П Бошава преку општински проекти и е обезбедена комунална опрема за селекција на отпадот, контејнери за одлагање на отпад од хартија и пластика во 2018 година, сеуште нема започнато со активноста селекција на отпадот.

Во општината постои градска депонија, м.в "Кош" во месноста Пшенични дупки, на 2 km од градот Демир Капија, од десната страна на Коридорот 10. Депонијата за отпад е со површина од 40.000 $m^2$ од кои се искористени околу 30.000 $m^2$, оградено е, има обележан влез и ова место комуналниот отпад се одлага 30 години.

Може да се каже дека во општината постои делумна селекција, односно правните субјекти кои што пуштаат на пазар производи

### *4.2.4 <u>Почва</u>*

Општината Демир Капија и припаѓа на Вардарската тектонска зона, која е обликувана во вид на тектонски ров и е составен од карпи, чија старост датира од најстариот период (преткамбриски) па се до квартерот. Во овој период датираат метаморфни карпи, а застапени се и шкрилци, амфиболити и итн. Во Демиркаписката клисура најзастапени се чисто карбонатни варовници во кои има присуство на талк и магнезит. Демиркапиското земјишно подрачје за време на неогенот било езерски базен, чии води по долгото и сукцесивно спласнување на Егејско Море, преку клисурата истекле во него. Во ерата на дилувиумот дошло до целосно сушење на почвата со разместување на долното течение на река Вардар и со неговите оживеани една по друга регресивни ерозии. По езерскиот период Тиквешката котлина останало најмногу глина и песок, а по нејзините краишта сочувани се трагови од езерски крајбрежни релјефи тераси од слоеви на палеозојски и мезозојски карпи. Околу реката Вардар кај Демир Капија има дебели слоеви од модри шкрилци врз кои лежат дебели наслаги од карпи и варовник. Реката Вардар ги сече овие карпести наслаги правејќи ја Демиркаписката клисура длабока, широка и долга-права планинска клисура. Страните и се градени од модри шкрилци, преку кои лежат слоеви на модра крупна вар со мезозојска старост. Демир Капија е најниска географска точка на подножјето на североисточната страна на Кожув планина и западната страна на Серта планина, на 90, Територијата на Демир Капија се карактеризира со различен геолошки состав и сложена тектонска структура, составена од: карпи, метаморфни карпи, графитни шкрилци, кварцити, амфиболити, јурски карпи (претставени со варовници, серпентини и чисто карбонатни варовници, со присуство на талк и магнезит), глина и песок, палеозојски и мезозојски карпи, модри шкрилци.

Земјоделската површина во Општина Демир Капија изнесува 8.851 ha од кои 1.838 ha се обработлива површина во која најголем дел се ораници и бавчи во кој застапени се житни култури и лозови насади. Во интерес на развивање на земјоделството се наметнува потребата од самостојното задржување на земјоделците. На тој начин преку поднесување на конкретни иницијативи и организирање на официјални состаноци со локалните власти ќе се влијае а подобрување на сегашната состојба во земјоделството и подобрувањето на комуникацијата и соработката помеѓу земјоделците и локалната самоуправа.







Слика 15 Карактеристики на почва застапена на подрачјето на ГУП за Град Демир Капија

### *4.2.5 Растителен и животински свет*

Заштитено подрачје - Демир Капија Подрачјето ја опфаќа Демиркаписката Клисура и се простира од населбата Демир Капија, па се до селото Удово на југ. Во ова подрачје се вклучени неколку постоечки заштитени и предложени подрачја за заштита: Демир Капија, Иберлиска Река, Клисурска Река, Пештерите Бела Вода и Горен Змејовец, Крастовец, Штудер, Мала Јаворица. Претставува краен северен дел на модифицираното медитеранско подрачје по течението на реката Вардар. Се одликува со присуство на значајни термофилни заедници и хазмофитска вегетација. По клисурите се развива интересна крајречна вегетација од заедниците на чинарот. По варовничките карпи и камењари се среќаваат многу ретки видови растенија. Подрачјето е широко познато по неговото значење за грабливите птици, а се среќаваат и многу медитерански видови. Тука се среќава една од трите македонски колонии на белоглавиот мршојадец, џуџест орел, златен орел, египетски мршојадец, црн штрк. Особено е значајна пештерската фауна на Бела Вода претставена со неколку троглобионтски и троглофилни видови. Пештерите се значајни и заради колониите лилјаци кои во нив се среќаваат. Во малите притоки на реката Вардар живеат интересни видови без’рбетници (ибериска краба, водени молци, Epallage fatime), а се мрестат и неколку видови риби.




Слика 16 Растителен свет карактеристичен за локацијата

### 4.2.6 <u>Бучава</u>

Со новата законска регулатива за бучава од 2008 год. воспоставени се нови гранични вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина за различни подрачја. Подрачјата се дефинирани со степенот на заштита од бучава и од видот на активностите и осетливоста на населението кое престојува во нив и се групирани во IV степени.

Во отсуство на развиена државна мрежа за мониторинг на бучава, од страна на општина Демир Капија извршени се индикативни мерења на бучава во 2022 година во централното градско подрачје и индустриски зони во Општината. Мерењата беа направени на мерните места (Корешница, Чифлик, Демир Капија 1 и Демир Капија 2). Максимално дозволените вредности за мерното место 1 и 2 (Корешница и Чифлик) се во подрачјата од четврт степен на заштита, односно подрачје каде се дозволени зафати во околината, кои може да предизвикаат пречење со бучава, подрачје без станови, наменето за индустриски, или занаетчиски или други производствени дејности.

Мерното место 3 (Демир Капија 1) е во подрачјата од втор степен на заштита, односно примарно наменето за престој, односно станбен реон. Мерното место 4 (Демир Капија 2 – воз) е во реони изложени на интензивен железнички сообраќај.

| Мерна точка | Min dB (A) | Max dB (A) | Leq dB (A) | МДВ dB (A) |
|---|---|---|---|---|
| Корешница | 43,5 | 71,1 | 53,7 | 70 |
| Чифлик | 46,1 | 67,5 | 52,7 | 70 |
| Демир Капија 1 | 55,3 | 73,9 | 59,0 | 55 |
| Демир Капија 2 | 46,1 | 55,5 | 50,7 | 65 |

Слика 17 Вредности на измерена бучава на 4 локации со максимално дозволените вредности

Демир Капија, како општина нема поголеми предизвикувачи на бучава, предизвикана од индустриски капацитети. Главниот извор на бучава е предизвикана од промет на луѓе и возила, и во мерните точки кои се разгледани, бучавата е во нормалните граници. Една од можностите кои би можеле да предизвикуваат бучава беше одредена железничката станица, но бучавата и таму е во дозволени рамки, најмногу поради тоа што возовите кои сообраќаат низ градот се електрични и не предизвикуваат звук поголем од дозволените граници.

Со новата законска регулатива за бучава од 2008 год. воспоставени се нови гранични вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина за различни подрачја. Подрачјата се дефинирани со степенот на заштита од бучава и од видот на активностите и осетливоста на населението кое престојува во нив и се групирани во IV степени.

Табела 6 Подрачја според степенот на заштита од бучава и гранични вредности

| **Подрачје одредено според степенот на заштита од бучава** | **Ниво на бучава (dBA)** | | |
|---|---|---|---|
| | $L_{д}$ | $L_{в}$ | $L_{н}$ |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| **Подрачје од четврти степен** | **70** | **70** | **60** |

$L_{д}$ - ден (период од 7 до 19 часот)
$L_{в}$ – вечер (период од 19 до 23 часот)
$L_{н}$ – ноќ (период од 23 до 7 часот

## 4.3 СЕГАШНИ ПРОБЛЕМИ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО И ОКОЛУ ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Состојбата со животната средина во Општина Демир Капија, каде спаѓа и опфатот на ГУП за Град Демир Капија беа идентификувани преку анализа на постоечката состојба со животната средина во Општина Демир Капија и земајќи го во предвид Локалниот План за заштита на животната средина за Општина Демир Капија (ЛЕАП) усвоен во 2022 год. каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

Во Локалниот акционен план за животна средина како најкритични аспекти се посочени: квантитетот на водата за пиење, недоволна количина на вода за наводнување на земјоделски површини, загадена почва од прекумерна употреба на пестициди, отсуство на селекција на цврст отпад, дива сеча на шумски фонд, мал процент на користење на обновливи извори во општината.

Се очекува овие најкритични елементи на животната средина да претставуваат и најосетливи елементи при реализирање на целите на планскиот документ. Сегашните клучни проблеми со животната средина во Општина Демир Капија се дадени во Табела 7.

Табела 7 Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат

| **Најосетливи елементи на животната средина во предметниот опфат (Елементи на СОЖС)** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Води** | **Отпад** | **Почва** | **Здравје** | **Население** | **Воздух** | **Климатски фактори** | **Материјални добра** |

Предизвиците поврзани со урбанистичкото планирање се анализираат како влијание врз идниот развој на градот кое преку планираните класи на намени кои се дефинирани со ГУПот би доделе до потенцијално влијание врз површинските и подземните води, влијание на загадувањето на почвите и индиректно како влијание врз квалитетот на воздухот и создавањето на стакленички гасови (климатски фактори).

Се разбира, ова се дел од проблемите со кои се соочуваат жителите на Општина Демир Капија и истите се релевантни за предметниот опфат на ГУП за Град Демир Капија во општина Демир Капија. Идентификувана е и релевантноста на клучните проблеми за предметниот опфат имајќи ги во предвид и локацијата и целите на планскиот документ.

Основа на евидентирање на најосетливите елементи на животната средина во планскиот опфат кои се нарекуваат и елементи на Стратегиска оцена на животна средина (Елементи на СОЖС) се воспоставуваат цели на Стратегиска оцена на животната средина (Цели на СОЖС) и се дефинираат можни индикатори за секоја цел (Поглавје 8.3). Во процесот на Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина е важно да се види како, на кој начин, со која јачина и интензитет целите на планскиот документ влијаат врз целите на СОЖС со цел да се предвидат мерки за спречување на влијанијата и да се предложи соодветен план за мониторинг на индикаторите за секоја цел на СОЖС.

Табела 8 Главни сегашни проблеми со елементите на животната средина во општина Демир Капија

| Елементи на Стратегиска оцена на животната средина | Предизвици | Релевантно за предметниот опфат |
|---|---|---|
| **Води** | Недостаток на вода за пиење во дел од населени места | x |
| | Загуба на вода за пиење | x |
| | Диви приклучоци | x |
| | Високи финансиски износи за електрична енергија за производство на вода за пиење | |
| | Недостаток на фекална канализација во дел од руралните населби | |
| | Отсуство на пречистителна станица | x |
| | Отсуство на колекторски систем | x |
| | Делумно загадување на водата и почвата со хемиски средства и вештачки ѓубрива | |
| | Недостаток на вода за наводнување на земјоделските површини | |
| **Воздух** | Загаденост на воздухот од стационарни ложишта | |
| | Нарушена здравствена состојба кај населението | |
| **Отпад** | Не селектирање на отпадот | x |
| | Не постоење на регионална депонија за комунален и неопасен индустриски отпад | x |
| | Постоење на диви депонии покрај реките и патишта | |
| **Почва** | Загадување на почвата од неконтролирана употреба на хемиски заштитни средства | |
| | Дива сеча на шуми | |
| | Загадување на водата која се користи за наводнување со отпадни води и недоволна испитаност на подземните води | |
| **Биодиверзитет (флора и фауна)** | Непочитување на забраните за лов и риболов на загрозените видови и прогласување на заштитени подрачја на природата | |
| | Неконтролирано сечење на шумите | |
| | Неконтролираното користење на хемиски заштитни средства | |
| | Намалување на бројноста на заштитените животински и растителни видови | |
| **Население** | Низок животен стандард и миграција на населението | x |
| **Човеково здравје** | Не постоење на континуирано следење на влијанието на загадувањето на животната средина врз здравјето на луѓето | x |
| **Климатски фактори** | Користење на огревно дрво како извор за затоплување и готвење | |
| | Не користење на обновливи извори на енергија | |
| **Пејзаж** | Постоењето на диви депонии кои го нарушуваат визуелниот изглед | |
| **Материјални добра** | Постоење на бесправни градби | x |
| | Зафаќање на обработливо земјиште со индустриски капацитети | x |

# 5. ГЛАВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Генералнниот Урбанистички план на Град Демир Капија во Општина Демир Капија е изготвен врз основа на Проектна програма заверена од Министерство за животна средина и просторно планирање, а одобрена од Министерство за транспорт и врски (арх.бр.: 24-4042/2 од 11.06.2020), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2018 година (Службен весник на РСМ бр.16/18) и Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-151763/2019 од 20.12.2019год.

Целта на Годишната Програма е да се добие решение (ГУП) кое ќе обезбеди усогласување на предметниот план со важечката законска и подзаконска регулатива и реализација на планираните намени на површини, согледувајки ги потребите за планирање и уредување на просторот на територијата на Град Демир Капија и создавање на услови за рационално уредување и користење на просторот и услови за хумано живеење и работа на граѓаните на Град Демир Капија.

Парцијално во неколку поглавја на документационата основа и планската документација на ГУП за Град Демир Капија дадени се главните цели на документот. Бидејќи тие се појдовна точка во анализата на Стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ врз животната средина, имаше потреба од нивно сумирање, групирање и јасно дефинирање.

Основна цел на ГУП е правилното насочување на развојот на градот, во смисла на негова социо-економска ревитализација, што ќе се постигне со унапредување на урбаната структура на градот, насоки за надминување на културната маргинализација, економската заостанатост заедно со намален интерес за развој, стопанската и сообраќајна неефикасност, унапредување на квалитетот на животната средина.

Поединечните цели на планскиот документ се:

- Контролирано просторно ширење на градот и заштита на природните ресурси долж, во и вон границите на планскиот опфат;
- Делимитирање на градските делови (блокови) кои претставуваат препознатливи урбанистички целини и нивно претварање во атрактивни средини за живеење;
- Вкопување и меѓусебно дополнување на различните градски наменси зони со почитување на нивните особености, елиминирање на нивното меѓусебно негативно влијание и поттикнување на нивно комбинирање во мешани наменски зони кога станува збор за компатибилни намени;
- Оформување на сообраќаен систем кој ќе обезбеди безбедно, рационално и ефикасно движење на луѓе и добра низ градот;
- Оформување на рационален и ефикасен систем на комунална инфрастурктура која ќе го зголеми опсегот и ќе го подигне нивото на опслужување со системите на комуналната инфраструктура;
- Создавање на квалитетна и безбедна животна средина преку контрола на процесите на деградација на природната и созададената животна средина, како и поттикнување на нејзиното унапредување и нејзина заштита;
- Валоризација на најзначајните природни и создадени потенцијални вредности, односно природното и недвижното културно наследство,

заштита на просторот од некомплементарни активности, зачувување на основните ресурси и нивно одржливо користење за туристички цели.

Планот ќе претставува основа за понатамошна изработка на детални урбанистички планови и/или проектни документации на пооделни градски целини и опфати предвидени со овој документ.

Предложените решенија ќе овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор која ќе резултира со повисок квалитет на условите за домување, работа и задоволување на културните и рекреациските потреби на жителите од Градот, а ќе кореспондира со барањата и потребите за вклучување во интеграционите процеси во регионот, државата и пошироко во просторот на Европа.

Притоа, Генералниот урбанистички план го дефинира јавното земјиште, односно коридорите за сообраќај и инфраструктура, зеленилото и земјиштето за изградба на градби од јавен карактер, со што земјиштето би било долгорочно планирано и заштитено. Останатотото земјиште да биде во режим на промени според развојот на градот, потребите и можностите на граѓаните, инвеститорите и тие промени со воспоставена процедура согласно Закон, можат да бидат годишни, со строго почитување на основната намена и употреба на земјиштето, еколошките и другите стандарди и правила кои ги пропишал планот.

# 6. СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Значењето на реализацијата на планскиот документ (Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија) е очигледен во поглед на директните и индиректни врски кои ги има со големиот број на стратешки плански документи што би довело до нивно операционализирање на простор од околу 204,078 ha што е образложено во Поглавје 6.

Повратната спрега се гледа во развојот на планскиот опфат во правец на искористување на неизграденото градежно земјиште и негова пренамена за изградба на објекти за домување, објекти за производство, дистрибуција и сервиси, објекти за комерцијални и деловни дејности, проширување на сообраќајната инфраструктура (примарна улична мрежа), како и површини за зеленило, спорт и рекреација. Сите овие промени ќе доведат до позитивни ефекти во процесот на урбанизација на просторот, користење и уредување на градежното земјиште, обезбедување на доволен простор за домување на жителите, како и зеленило што ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на живеење во градот, како и намалување на миграциските трендови.

Треба да се земе во предвид и сегашната состојба со најосетливите елементи на животната средина на планскиот опфат (Поглавје 4.3).

Во колку ја разгледаме опцијата за не спроведувањето на планските решенија дадени во урбанистичката документација (“business as usual scenario”- да се продолжи како што е сегашната состојба), се очекува следниот тренд:

- Неискористеност на потенцијалите на градот (земјоделски, климатски, планински, туристички) за развој во препознатлива дестинација за вложување и туристичка атракција;
- Ниска понуда на објекти за сместување, угостителски објекти и осмислени атрактивни содржини за привлекување на посетители;
- Земјиштето кое се наоѓа на предметниот плански опфат ќе претставува земјиште со помала економска вредност и би се појавиле бесправни градби;
- Појава на бесправни градби со несоодветни дејности на пропишаните од страна на повисоките плански документи и потврдени од планот, а што директно ќе влијае врз загадување на медиумите на животна средина;
- Неможност да се одговори на голем број на барања на сопствениците на парцелите за максимално користење на земјиштето согласно новите законски прописи;
- Потребата од дооформување на сообраќајниците и комуналната инфраструктура ќе расте и ќе претставува важен фактор во постигнување на повисок стандард на живеење во Град Демир Капија;
- Зголемување на проблемите при реализација на инвестициони технички документации;
- Отсуство на инвестиции во развој на бизниси би довело до натамошно слабеење на социо – економската состојба во Град Демир Капија;
- Зголемување на невработеноста во Град Демир Капија поради недостаток на нови работни места;
- Намален квалитет на живеење на граѓаните и нивниот животен стандард.

# 7. ВРСКА И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ, ПРОГРАМИ И СТРАТЕГИИ

## 7.1 КОМПАТИБИЛНОСТ НА ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Меѓусебната компатибилност на целите на планскиот документ е идентификувана користејќи Матрица на компатибилност како алатка при Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина.

Пополнетата Матрица за компатибилност за главната цел и поединечните цели на ГУП за Град Демир Капија плански период 2019-2029 се дадени во Табела 8.

Евидентна е голема усогласеност меѓу целите на предметниот план во можноста за максимална искористеност на изградената површина согласно законските обврски, површините кои досега не биле опфатени со проектна документација сега ќе бидат вклучени со ГУП и можност за изградба на целата површина во рамките на планскиот опфат. Значаен позитивен кумулативен ефект од реализацијата на овие компатибилни цели се очекува преку поголема искористеност на земјиште и поискористена густина по корисник врз редовни приходи (комуналии) на Општината и непречено финансирање на јавните функции - школи, болници, културни институции, како и полесна и побрза комуникација низ градот (проширена патна инфраструктура). Енергетската ефикасност ќе биде придобивка кај новите објекти обезбедувајќи заштеди на граѓаните и на стопанствениците, но и на национално ниво сметајќи дека енергијата во моментов претставува најскап ресурс кој тренд и во иднина ќе продолжи. Во таа насока ќе биде и можноста за поставување на фотоволтаични панели кои ќе обезбедат искористување на сончевата енергија која во Демир Капија е присутна речиси низ целата година со што ќе се постигне намалена употреба на електрична енергија произведена од фосилни горива и директно ќе се влијае врз намалувањето на емисијата на стакленички гасови.

Се разбира дека целите за економски развој, изградбата на објекти за домување, лесна и незагадувачка индустрија и изградбата и проширување на локална патна инфраструктура е во конфликт со заштитата на животната средина, можеби во мала мерка, краткотрајно (додека трае изградбата на објектите или инфраструктурата) и можното негативно влијание врз различните елементи на животната би било со мала јачина и само на локално ниво. Токму поради оваа некомпатибилност во планот се предлагаат и мерки

за заштита на медиумите од загадување, бучава, различни непогоди и можни хаварии. Како составен дел од Извештајот за стратегиска оцена ќе бидат презентирани дополнителни мерки за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија на реализацијата на целите на планот врз животната средина.

## 7.2 ВРСКА СО ДРУГИ СТРАТЕШКИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Просторното и урбанистичкото планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со предлагање, изработка, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Комплексноста на просторното планирање наметнува интеракција со различните сфери на живеење и делување на човекот и природата и се јавуваат директни и индиректни врски на планскиот документ со други стратешки документи. Идентификувани се релации на усогласеност и/или недоволна усогласеност на целите на Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија, со површина на плански опфат од 204,078 ha со целите на релевантните плански документи прикажани на локално, национално и глобално ниво се исто така анализирани од страна на експертот и прегледот и главните заклучоци се дадени во Табела 9.

Табела 9 Матрица на компатибилност на целите на планскиот документ

1. Дефинирање на оптимален модел за рационална, функционална и хумана организација на просторот на градот, во корелација со неговото опкружување;
2. Оптимализација на големината, структурата и функциите на градскиот организам во сообразност со условите и можностите на градот и реална процена на физичките можности за идни интервенции во урбаното ткиво на градот;
3. Преиспитување на границите на урбаниот простор и границите на градот, а со тоа и дефинирање на планскиот опфат на ГУП во корелација со рационално користење на земјиштето во градот и зачувување на земјоделското земјиште односно обезбедување на соодветна комплементарност на еколошките, економските, социјалните и културните аспекти во планираниот развој на градот;
4. Рамномерен развој на содржини и функции, рамномерна просторна разместеност на стопанските и нестопанските капацитети, интеграција на различни содржини доколку меѓусебно не се загрозуваат;
5. Создавање на оптимална структура на производни дејности и сектори, и вклучување на еколошки преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација;
6. Преиспитување на постојните просторни услови и зони за селективен развој на индустријата, развој на чиста и незагадувачка индустрија, техничкотехнолошки прогрес и иновации пред сé на пропулзивните гранки;
7. Урбана реконструција и обнова како модел на решавање на субурбаните простори и застарените и напуштените (доколку ги има) индустриски комплекси во градското подрачје како и обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд
8. Остварување на пазарно компетитивно производство;
9. Просторна организација која ќе овозможи рамномерен развој на урбаните единици на градот Демир Капија, врз критериуми базирани на принципите на одржлив развој;
10. Дефинирање на сообраќаен модел со оптимални решенија во минимизирање на временско - трошковната дистанца;
11. Активирањето и ревитализацијата и планирање на нови простори погодни за развој на туризмот;
12. Заштита на историскиот идентитет на градот и усогласување на јавниот интерес за заштита на културното наследство и негово активно вклучување во современите текови на животот како фактор на одржлив развој;
13. Планирање на заштита и развој на зеленилото, како и негување на постојното градско зеленило;
14. Зголемување на искористувањето на алтернативните извори за производство на енергија;
15. Воспоставување на интегрирано управување со отпад и финансиски самоодржлив систем за управување со отпадот;
16. Воспоставување на институционален механизам за имплементација на планските решенија и содветен мониторинг, како сегменти на континуирано планирање.

| Цели на ГУП на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | √ | √ | √ | O | √ | √ | O | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ |
| 2. | √ | | √ | √ | √ | √ | O | O | √ | √ | O | O | √ | √ | √ | √ |
| 3. | √ | √ | | √ | √ | √ | O | O | √ | √ | √ | O | √ | √ | √ | √ |
| 4. | √ | √ | √ | | √ | √ | √ | √ | √ | O | O | O | √ | √ | √ | √ |
| 5. | O | √ | √ | √ | | √ | O | √ | X | O | X | X | X | √ | √ | √ |
| 6. | √ | √ | √ | √ | √ | | X | √ | X | O | X | X | X | √ | √ | √ |
| 7. | √ | O | √ | √ | O | X | | X | √ | O | O | O | O | O | √ | √ |
| 8. | O | O | √ | √ | √ | √ | X | | X | O | √ | O | O | √ | √ | √ |
| 9. | √ | √ | √ | √ | X | X | √ | X | | √ | O | O | √ | √ | √ | √ |
| 10. | √ | √ | O | √ | O | O | O | O | √ | | O | O | O | √ | O | √ |
| 11. | √ | O | O | √ | X | X | O | √ | O | O | | √ | √ | O | √ | √ |
| 12. | √ | O | O | √ | X | X | O | O | O | O | √ | | √ | O | √ | √ |
| 13. | √ | √ | √ | √ | X | X | O | O | √ | O | √ | √ | | O | √ | √ |
| 14. | √ | √ | √ | √ | √ | √ | O | √ | √ | √ | O | O | O | | √ | √ |
| 15. | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | O | √ | √ | √ | √ | | √ |
| 16. | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | |

Легенда

√ - двете цели се поддржуваат меѓусебно

**О** – нема значителна врска меѓу целите

**?** – условите за меѓу зависноста се недоволно познати

**Х-** двете цели имаат конфликт меѓусебно

Табела 10 Врска на планскиот документ со релевантни планови, програми и стратегии

| **Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)** | **Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина** | **Врска/Компатибилност** |
|---|---|---|
| **РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО** | | |
| Програма за развој на Вардарски Плански Регион 2021 – 2026 година | Приоритетни области и цели за развој на Вардарски регион идентификувани во Програмата за развој на Вардарски регион се: 1.Унапредување на инфраструктурата во регионот (комунална, енергетска, инфраструктура за мобилност, инфраструктура за економски развој, за развој на туризмот, за урбанизација на општините), 2.Унапредување на економскиот развој (зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделието, модернизација на преработувачката индустрија), 3. Заштита на животната средина (Зголемено искористување на обновливите и чисти извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност, Воведување и поддршка за селекција и рециклирање на отпадот, Намалување на индустриското загадување преку поддршка на фирмите кои испуштаат штетни материи, Заштита на луѓето од разни загадувања, Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси), 4. Зајакнување на човечките потенцијали, 5. Задржување на младите во Регионот. | Директна врска со развојните цели на Програмата за развој на Вардарски плански регион посебно водејќи сметка за одржливо користење на природните ресурси и искористување на обновливите извори на енергија, енергетска ефикасност, развој на современа инфра-структура, инфраструктурен развој на подрачјата со специфични развојни потреби и привлекување на приватна иницијатива. Имплементирање на најсовремени техники за заштита врз медиумите на животната средина од сопствениците на новите објекти кои ќе бидат изградени согласно предвидените класи на намени. |
| Регионална Програма за Инклузивен Туризам на Вардарски Плански Регион 2021 – 2024 година | Прва програма која се фокусира на креирање препораки и мерки за развој на инклузивниот туризам. Оваа програма нуди основа за создавање на услови за развој на инклузивниот туризам и ги вклучува сите засегнати страни во процесот на креирањето, понудата, реализацијата и користењето на туристичките услуги и сервиси.<br><br>Инклузивниот туризам е форма на туризам што вклучува стратешки планирани придобивки за соработка помеѓу засегнатите страни кои им овозможуваат на луѓето со барања за специфичен пристап и мобилност, како и визуелни, слушни и когнитивни димензии на пристап, да функционираат независно и со правичност и достоинство преку испорака на универзално дизајнирани туристички сервиси и околини.<br><br>Во наредните 4 години, истата треба да послужи за изнаоѓање на решенија и активности за поддршка на инклузијата и сервисите за лицата со попречености на локално и општинско ниво. Тоа ќе се обезбеди преку соодветни мерки за на лицата со попреченост да им се овозможи еднаков пристап до транспортот, физичкото опкружување, информациите и комуникациите, како и други услуги и објекти | Индиректна врска која може да се воспостави при градба на капацитетите (деловни, комерцијални објекти, патна инфраструктура, лесна индустрија) да се вклучат елементи во насока на нивна достапност до лицата со попреченост кои како категорија би биле опфатени во рамки на идниот развој на Град Демир Капија. |

| **Релевантен плански документ (план, програма, стратегија)** | **Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина** | **Врска/Компатибилност** |
|---|---|---|
| | отворени за јавноста или за јавна употреба, во урбаните, руралните области и крајбрежните зони.<br><br>Вардарскиот плански регион ја има предноста од добрата патна поврзаност и транзитноста, чистата природа, разновидната клима и неистраженоста на самиот регион. Новото инклузивно игралиште на езерото Младост, пак го прави регионот единствен на целата територија на државата кој може да понуди ваква содржина. | |
| Локален План за заштита на животната средина (ЛЕАП) за Општина Демир Капија 2022-2027 | Идентификување и приоритизирање на проблемите од областа на животната средина кои имаат влијание врз квалитетот на живеење, развивање на план со активности за намалување на ризиците по животната средина, зголемување на јавната свест за состојбата со животната средина и можноста од учество на јавноста во донесување на одлуки. Мерките и активностите дадени во Акциониот план (во колку се реализираат по предвидената динамика) ќе обезбедат надминување на сегашните проблеми и превентивно спречување на нови извори на загадување на медиумите на животна средина. | Директна врска преку вклучување на целите на заштита на животната средина и мерките на превенција, спречување и контрола на загадувањето од предвидените мали и средни претпријатија и постојаниот мониторинг на емисиите во воздух, вода, бучава, и создавањето на отпад. |
| Стратегија за локален развој на Општина Демир Капија 2021-2026 | Стратешкиот план за локален развој на општина Битола, идентификува четири стратешки фокусирани области: 1. Подобрено бизнис опкружување, земјоделие и туризмот; 2. Развој на човековите ресурси на локалната самоуправа, во партнерство со приватниот и граѓанскиот сектор, за испорака на ефикасни и ефективни услуги за населението и правните лица во општината; 3. Подобрена физичка и комерцијална инфраструктура, искористување на потенцијалите за зелена индустрија и квалитетот на живеењето на локалното население; 4. Промоција на општината Демир Капија како атрактивно место за инвестици<br><br>При развивање на овие области општината е потребно да ги искористи сопствените јаки страни и надворешните можности, а да ги надмине слабостите и со надворешните закани да се справи како со предизвици. | Директна врска преку целите на планот можноста за изградба на целата површина на планскиот опфат, опфаќање на површини со планска документација кои досега не ја поседувале, развој на малите и средни претпријатија со дејност на лесна индустрија и сервисни услуги и складишта или компатибилни на нив намени. Со реализација на истиот, се отвараат нови можности за вработување како и обезбедување услови за поквалитетно живеење. |

| Релевантен плански документ (план, програма, стратегија) | Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина | Врска/Компатибилност |
|---|---|---|
| Стратегија за развој на туризмот во Општина Демир Капија 2019 - 2023 | Стратегијата дефинира создавањето на услови и зголемен развој на туризмот се очекува да се обезбеди преку реализација на три приоритети: 1.развој на туристичка инфраструктура и промоција, 2.зајакнување на капацитетите за развој на туризмот,3.креирање на туристичка понуда и локални туристички производи.<br><br>Реализацијата на овој документ се очекува да доведе до зголемување на економските и социјални бенефити на територијата на општината кои произлегуваат од туризмот. | Директна врска се гледа преку реализацијата на класите на намена (патна инфраструктура, рекреативни, спортски содржини, комерцијални објекти) дополнета со промотивни активности од општината ќе доведе до повисок степен на развој на Демир Капија како туристичка дестинација имајќи ги во предвид и природните карактеристикина градот, винските визби, но и поставеноста/местоположбата на градот како транзит за туристи до и од Република Грција. |
| **НАЦИОНАЛНО НИВО** | | |
| Просторен План на Република Македонија (2002-2020) | Остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.<br><br>Утврдување на важноста на состојбата на животната средина и еколошките барања при планирањето на стопанските активности. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење. | Директна врска и усогласеност на Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија преку следење на насоките за просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот која во иднина ќе треба да се спроведе на ниво на блокови преку разработка на планска документација од пониско ниво - детален урбанистички план и урбанистички проекти за инфраструктура. |
| Национален Еколошки Акционен План на РМ (НЕАП II, 2006) | Дефинирање на проблемите на животната средина и мерките и активностите потребни за нивно надминување за шест годишен период и создавање на флексибилна рамка за продолжување на процесот на приближување кон политиката на ЕУ во областа на животната средина, вклучување на целите на животната средина во секторските политики и насоки за еколошки одржлив пристап, зголемување на степенот на исполнување на обврските од регионалните и глобалните договори и отворање на нови перспективи и вклучувања во меѓународните системи за заштита на животната средина. | Индиректна врска преку ЛЕАП за Општина Демир Капија во кој се посочени како водечки проблеми недостатокот од вода за пиење на локалното население во летните периоди, непостоење на пречистителна станица, отсуство на целосна покриеност на земјоделските површини со систем за вода за наводнување, загадување на водата и почвата со хемиски средства и вештачко ѓубрење. |

| Релевантен плански документ (план, програма, стратегија) | Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина | Врска/Компатибилност |
|---|---|---|
| | | Компатибилност во однос на целите на заштита на животната средина ќе се овозможи преку спроведување навремено на предложените мерки на заштита веќе дадени во планската документација и Извештајот за Стратегиска оцена. |
| Национална стратегија за апроксимација на ЕУ законодавството за животна средина (2007) | Насоки за Владата на Република Северна Македонија како на соодветен начин да ги примени сите обврски поврзани со приближувањето на правото на ЕУ за животната средина, а паралелно да обезбеди одржлив развој на земјата. Стартегијата всушност претставува “мапа” за целосен и ефикасен процес на апроксимација, вклучително одржлива, сеопфатна рамка со акции со поврзани трошоци кои се потребни за правна транспозиција на ЕУ директивите, нивна техничка имплементација и контрола на спроведувањето во сите десет сектори во животната средина. | Индиректна врска преку сознанијата за барањата на ЕУ директивите за сите сектори на животната средина посебно за оние кои се уште не се целосно транспонирани во националното законодавство (стандардите за емисии во воздух, вода, почва) и користењето на најдобрите практики од земјите кои го имаат поминато патот на усогласување на националното со ЕУ законодавство во животната средина. |
| Национална програма за усвојување на правото на ЕУ (НППА II, 2009 со измени 2010) | Ги вклучува коментарите дадени од Европската комисија за Програмата за усвојување на правото на ЕУ во националното законодавство и содржи акционен план за хармонизација на националното законодавство со ЕУ законодавството, потребната динамика на институционално зајакнување за имплементирање на законодавството и потребните ресурси за реализација. | Индиректна врска преку следењето на степенот на транспонираност на ЕУ директивите и усвојување на најновите законски и подзаконски акти кои го регулираат влијанието на економските активности врз различните елементи на животната средина. |
| Национална стратегија за одржлив развој (2008) за период 2010-2030 | Продолжување на процесот на апроксимација кон ЕУ користејќи одржлив пристап и дефинирање на сет од 84 индикатори за одржлив развој (за жал дефинирани се само индикаторите а не и вредностите на тие индикатори кои би можеле да се користат при Стратегиската оцена на влијание на планот врз животната средина). | Директна врска преку следење на индикаторите за одржлив развој и индикаторите на милениумските развојни цели – МРЦ 7 на национално ниво и оние за Општина Демир Капија за одржливост на животната средина со цел да се види степенот на постигнување / не постигнување на националните и глобални цели. Се очекува прво поставување на националните индикатори за одржлив развој и одржливост на животната средина. |

| Релевантен плански документ (план, програма, стратегија) | Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина | Врска/Компатибилност |
|---|---|---|
| Студија за води (2017) | План за инвестициите и дефинирани се политиките за управување со води. Државата треба да вложи 1,35 милијарди евра во пречистителни станици, водоводни и канализациски системи во наредните 21 година се прави репрограмирање како ќе се распределат овие инвестиции. Дефинирани се политики, врз основа на европските стратешки политики за води. Со овие средства од 1,3 милијарди евра треба да се обноват постоечките и да се изградат нови водоводни и канализациски системи. Во моментов во државата има осум пречистителни станици, а предвидено е да се изградат уште 120. Според постоечката законска регулатива во земјава секое населено место со над 2.000 жители треба да има пречистителна станица на отпадни води, но со проектот планирани се и места со помалку жители, бидејќи идејата е загадувањето на водните текови и ресурси да се намали за 70 %. | Реализацијата на ГУП е во индиректна врска со Студијата за води бидејќи со планското решение се предвидува фекалните отпадни води пред да се испуштат во реципиентот (Бошава) да бидат подложени на третман во пречистителни станици чија местоположба точно ќе се дефинира со планска и проектна документација од понизок ранг. |
| Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план (2020-2050) | Вредностите на билошката разновидност постепено да се вградат во политиките за економки развој на национално и локално ниво (намалување на сиромаштија, национални и локални планови за развој, еколошко сметководство итн).<br><br>Воведување на позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на биолошката разновидност во согласнот со Конвенцијата и обврските од ЕУ и да се идентификуваат и корегираат стимулациите кои се штетни за засегнатите компоненти на биолошката разновидност.<br><br>Идентификација на алтернативни извори на енергија најмалку штетни за билошката разновидност.<br><br>Приближување на политиката на субвенционирање на економските сектори (земјоделство, рурален развој, енергетика) кон подршка на биолошката разновидност. | Индиректна врска постои и мерките кои се предложени и ќе бидат дополнети во целост ќе придонесат во исполнување на целите на заштита на биолошката разновидност имајќи во предвид дека во непосредна близина на планскиот опфат се наоѓа Демиркаписка клисура. |

| Релевантен плански документ (план, програма, стратегија) | Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина | Врска/Компатибилност |
|---|---|---|
| Национална стратегија за заштита на природата (2017 – 2027) | Заштита, зачувување и мониторинг на компонените на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност.<br><br>Одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) преку употреба на традиционални знаења, иновации, најдобри пракси и позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на природата. | Директна врска постои и мерките кои се предложени и ќе бидат дополнети во целост ќе придонесат во исполнување на целите на заштита на биолошката разновидност. |
| План за спречување на создавање на отпад во РСМ (2022-2028) | Стратегијата пропишува регулаторни и практични активности кои е потребно да ги спроведат различни чинители со цел да се постигне намалување на количините на отпад и обезбедување на зајакнување на националната економија истовремено заштитувајќи ја животната средина. Практики кои се користат ширум светот а допринесуваат кон намалување на отпад се однесуваат на иновативни дизајни на производи (кој би произвел помало количество на отпад и развивање на систем за повратен прием или давање на производи и уреди под закуп) и поголема одговорност на производителот посебно имајќи го во предвид и фактот за дополнителен финансиски издаток кој се јавува со пообемна амбалажа на производот. | Директна врска преку стимулирање на принципот на циркуларна економија кај производните капацитети на територија на Град Демир Капија, особено кај винариите од кои се генерираат големи количини на отпад кој може да се искористи за добивање на енергија или производство на пелети. |
| План за управување со отпад на РСМ 2021 – 2031 | Давање на насоки за решавање на проблемите со отпадот на изворот, воспоставување на систем за сепаратно собирање и преработка на корисните состојки во селектираниот отпад и искористените производи, искористување на полезните состојки на отпадот како замена за извор на енергија и намалување на емисиите на стакленички гасови; постапно воспоставување на рационална мрежа на капацитети за управување со отпад на регионално ниво особено преку сегрегација на опасните и неопасните фракции на отпад на изворот и нивно рециклирање, третман и финално отстранување на безбеден начин. | Директна врска ќе се овозможи преку давање на препораки за минимизирање на создавањето на отпадот, селектирањето на местото на создавање и безбедно финално отстранување на регионална депонија на отпад кој не може понатаму да се третира. |
| Национална стратегија за транспорт (2019) | При дефинирање на целите на развој на транспортот на земјата да се поставават прашањата за инфраструктурното влијание и еколошките прашања за користењето на земјиштето, биодиверзитетот, бучавата, загадувањето на | Директна врска се гледа преку реализацијата на ГУП за Град Демир Капија во кој е опфатено проширување на сообраќајната мрежа (примарна улична инфраструктура) преку која ќе се обезбеди успешно функционирање и деловно работење на објектите од |

| Релевантен плански документ (план, програма, стратегија) | Главни цели на релевантниот плански документ/цели на заштита на животна средина | Врска/Компатибилност |
|---|---|---|
| | воздухот, влијанието врз имот од материјална вредност, влијанието врз културното наследство, пејзажот и др.аспекти. | лесна и незагадувачка индустрија, но и на жителите и посетителите на Град Демир Капија. |
| Извештај за напредокот во остварување на Милениумските развојни цели за Република Македонија (2008) – МРЦ 7 Одржливост на животната средина | Извештајот го покажува прогресот на РМ во исполнување на глобално прифатените Милениумски Развојни Цели (вкупно 8 развојни цели со повеќе индикатори) кои се однесуваат на севкупниот квалитет на живот (сиромаштија, образование, економски развој, здравствени аспекти, социјалната вклученост, одржливост на животната средина - МРЦ 7). Одржливоста на животната средина е една од заложбите за акција на земјите потписнички на Милениумската Декларација во 2000 год. со цел да се обезбедат човековите сегашни потреби без да се наруши капацитетот на природните системи и да се обезбеди чист воздух, вода, земја и доволно ресурси за идните поколенија. Дефинирани се сегашните | Директна врска може да се воспостави ако индикаторите за одржлив развој и МРЦ индикаторите и МРЦ 7 индикаторите се земат како репери во локалната самоуправа при креирање на политики на одржлив развој на градот, општината и Вардарскиот плански регион. |
| Индикатори на животна средина (2007) | Извештајот ги содржи индикаторите за животна средина за сите сектори на национално ниво (биодиверзитет, води, снабдување со вода, отпадни води, отпад, шуми, земјоделско земјиште, ниво на бучава и др.). Овие индикатори се реферираат кон Европската Агенција за животан средина на годишно ниво.(EEA) | Мерките на заштита на животната средина директно зависат од индикаторите за животна средина на локално/регионално ниво и истите треба максимално да се користат како репери во исполнувањето на мерките на заштита и СОЖС. Потребно е разгледување на сите развиени индикатори (одржлив развој, МРЦ индикаторите и индикаторите за животна средина) и само на тој начин ќе се обезбеди одржлив развој на општината. |

# 8. ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 8.1 СТРУКТУРА НА ГЕНЕРАЛНИТЕ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Обезбедување на одржливост на животната средина е високо на дневниот ред на Република Македонија која интензивно во последните дваесетина години ги прифати глобалните стратегии и политики во поглед на заштита на животната средина преку ратификација на најзначајните меѓународни конвенции и протоколи, а истовремено ја изрази и својата подготвеност за пристапување кон ЕУ преку развивање на односите со ЕУ и добивање на кандидатски статус.

Во пракса, Република Северна Македонија има потпишано голем број на меѓународни конвенции, протоколи и билатерални договори на глобално ниво и има добиено статус на земја кандидат за прием во ЕУ. Започнат е процесот на апроксимација на ЕУ законодавството од областа на животната средина преку транспонирање на ЕУ Директивите во сите сектори на животната средина (вода, воздух, отпад, бучава, ГМО, хоризонтално законодавство, индустриска контрола од загадувањето, природа, хемикалии).

Овој процес е заокружен во периодот 2004-2008 во поглед на донесените закони (Закон за животна средина, Закон за квалитет на амбиентален воздух, Закон за отпад, Закон за води, Закон за заштита на природата, Закон за бучава и Закон за ГМО, Закон за хемикалии со нивните измени и дополнувања во овој период), додека процесот на усогласување на техничките барања дадени во анексите на ЕУ Директивите во форма на подзаконски акти е во напредна фаза а во некои сектори е и скоро завршен (Оценка на влијание врз животната средина, Стратешка оценка на влијание врз животната средина, Интегрирано спречување и контрола на загадувањето, Квалитет на воздух). Но, исто така дел од секторите не е усогласен целосно со техничките стандарди на ЕУ Директивите (на пр. емисиите и граничните вредности на загадувачи во отпадните води, емисии во воздух од стационарни извори, хемикалии и др.) Се очекува заокружување на овој процес во следниот период.

Листата на релевантната законска регулатива, ЕУ Директиви, меѓународни договори е дадена во Прилог 1.

Сите овие законски обврски беа анализирани и земени во предвид при дефинирање на стратегиските цели на заштита на животната средина во подрачјето, елементите важни за предметниот опфат (во моментов најосетливите) и специфичните цели на Стратегиската оцена на влијанието Планскиот документ врз животната средина (Цели на СОЖС).

Исто така беа анализирани целите на заштита предвидени во горенаведените стратешки плански документи развиени на национално ниво (Табела 9), но, најзначајно место во сумирањето на целите на заштита на животната средина и дефинирањето на целите на Стратегиската оценка одиграа стратешките плански документи релевантни за Вардарскиот плански регион и Општина Демир Капија.

## 8.2 ГЕНЕРАЛНИ ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРЕДМЕТНИОТ ОПФАТ

Сумарно генералните цели на заштита на животната средина на предметниот опфат можат да се распределат на:

- Ефикасно користење на природните ресурси (водата, енергијата, материјалите - суровините), искористување на сончевата енергија преку поставување на фотоволтаични панели, како и сите расположлви обновливи извори на енергија, користење на енергетски ефикасни материјали при градба на објектите, имплементирање на концептот на циркуларна економија – искористување на отпадот како суровина;
- Воведување на мерки за енергетска ефикасност и поставување на фотоволтаични панели на објекти во сопственост на општината со што би се постигнале енергетски, финансиски и заштеда на ресурси;
- Обезбедување на превентивни мерки во заштитата на водите (површински и подземни) и нивно рационално искористување, квалитетот на воздухот и почвата од емисиите на загадувачки материи од планираните капацитети на лесна индустрија;
- Третирање на отпадните води од капацитети на лесна индустрија до квалитет кој одговара на класата на реципиентот;
- Ефикасно управувањето со хемикалии кои би се употребувале во производниот процес и соодветно нивно третирање како опасен отпад по завршување на функцијата;
- Селектирање на отпадот и искористување на употребливите состојки на отпадот каде што е можно, избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад, управување на соодветен начин со различните фракции на отпад;
- Минимизирање и елиминирање на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Рационално и одржливо користење на природните богатства, одржување на постоечкиот биодиверзитет и избегнување на неповратни загуби, заштита на биолошката разновидност преку спроведување на превентивни мерки;
- Обезбедување на ниво на бучава и вибрации под максимално дозволените граници за подрачја наменети за производствени дејности преку набавка на опрема со подобрени карактеристики и редовни мерења;
- Воспоставување на мониторинг на емисиите на загадувачки материи од планираните капацитети на лесна индустрија на одреден временски период во сите медиуми и мониторинг на квалитетот на водата, воздухот и почва и известување кон надлежните органи;
- Висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни екосистеми и на екосистемите зависни од водата, заштита и

унапредувањето на водната средина преку рационално и одржливо користење на водите, како и прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материии супстанции во водите;

- Воспоставување на процедура и начини на доставување на информации до јавноста за управувањето со животната средина и можности за учество на јавноста во донесување на одлуки;
- Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа во однос на методите и техниките на планирање, управување и спроведување на законската регулатива во сите елементи на животната средина.

Генералните цели на заштита на животната средина само делумно се земени во предвид при подготовка на Генералниот Урбанистички план на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија и затоа се предлага нивно вклучување преку Предлог на мерки за заштита, одбегнување, намалување, неутрализирање или компензација на негативните влијанија од спроведувањето на планскиот документ.

Ќе бидат предочени:

а) техничките мерки кои треба да се превземат за време на спроведувањето на планот,

б) идентификација на теми /прашања кои треба да се адресираат во дополнителните студии/елаборати кои треба да се подготват пред започнување со работа на капацитетите за лесна индустрија, комерцијалните, деловните и инфраструктурните објекти,

в) предлози за менување на други планови и програми како резултат на исполнување на целите за заштита на животната средина.

Сите овие мерки се претставени во Поглавје 10.

## 8.3 Цели на СОЖС

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина (Цели на СОЖС) се идентификувани врз основа на анализа на проблемите со животната средина во планскиот опфат и околината и идентификација на најосетливите елементи на животната средина врз кои и сега се чувствува најголем притисок и кои би биле најпогодени од реализацијата на планскиот документ.

Главните заклучоци од анализата се дадени во Поглавје 4.3.

За секој значаен елемент на СОЖС се дефинираа цели на СОЖС кои ќе бидат основа за идентификација на влијанието на реализацијата на целите на планскиот документ. Исполнувањето на целите на СОЖС преку реализација на целите на планскиот документ ќе се следи преку предложените индикатори на СОЖС дадени исто така во Табела 11.

Табела 11 Цели и индикатори на СОЖС

| Елемент на СОЖС за Планскиот документ | Цели на СОЖС | Индикатори на СОЖС |
|---|---|---|
| **Вода** | Обезбедување на доволни количини на квалитетна вода за пиење и други санитарни потреби преку планирање на дополнителни водоснабдителни системи и нивно редовно одржување | • Должина на новоизградена водоводна мрежа<br>• Количина на вода ($m^3$) дистрибуирана низ новоизградената водоводна мрежа<br>• Број на спроведени сервисирања на новоизградената водоводна мрежа на годишно ниво |
| | Ефикасно користење на водата за пиење и санитарни потреби, намалување на загуби на вода и намалување на број на диви приклучоци | Тренд на намалување на годишната потрошувачка на вода / Тренд на намалување на загуби на вода (% во однос на испорачана вода) |
| | Собирање и третман на урбаните отпадни води од град Демир Капија и/или места (изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води) | • Изградена пречистителна станица за урбани отпадни води<br>• % на население опфатено со третман на урбани отпадни води |
| | Обезбедување на извори на техничка вода за користење за наводнување на домовите и дворните места | Локации/извори од кои се црпи техничка вода |
| | Водата која се користи во производните процеси се рециклира, пред испуштање во реципиент да се пречисти до квалитет на урбана отпадна вода | • % на рециклирање на водата низ производниот процес на секоја компанија (Елаборат за животна средина /еколошка дозвола)<br>• Статус на квалитет на отпадна вода која излегува од производниот процес на секоја компанија<br>• Постоење на системи за прочистување на отпадните води |
| | Ограничување на загадувањето на водите во речните корита (Бошава и река Вардар) | Биохемиски квалитет на реките |
| **Воздух** | Зголемување на уделот на обновливи извори на енергија во вкупната потрошувачка (сончева енергија) | % на обновливи извори на енергија во вкупната потрошувачка |
| | Воведување на концептот за енергетска ефикасност кај јавни, деловни објекти и објекти за домување | • Број на објекти со применета енергетска ефикасност<br>• Намалени емисии на загадувачки материи ($SO_2$, NOx, суспендирани честички) и стакленички гасови |
| | Унапредување на постапувањето со отпадот за да се намалат емисиите во воздух како резултат на самозапалување на биоразградливиот отпад и горење на дивите депонии | • Затварање на нестандардни депонии<br>• Изградба на регионална депонија |

| Елемент на СОЖС за Планскиот документ | Цели на СОЖС | Индикатори на СОЖС |
|---|---|---|
| **Отпад** | Поттикнување на јавната свест на граѓаните околу правилното управување со отпадот, можноста за негова повторна употреба како суровина или за енергија и ефектите врз здравјето на граѓаните | • Број и површина на расчистени диви депонии на годишно ниво<br>• Број на локации и површина од која е остранет отпад каде несоодветно бил одложен |
| | Селектирање на комуналниот отпад од останатите фракции | Количина на селектиран комунален отпад |
| | Намалување на количеството на отпад кој финално се отстранува на депонии, а истиот може да се реупотреби или искористи како енергија, компост и за др. намени | Намалено количество/волумен на отпад кој се носи на депонија во однос на претходната година |
| | Посебно искористување на биоразградливиот отпад (од винарии во општина Демир Капија, производни капацитети од производство на храна, ресторани, касарни и др. установи)<br>Искористување на биоразградливиот отпад од комуналниот отпад собран од домаќинставта за добивање на енергија | % на биоразградлив отпад кој се користи за добивање на компост/пелети и енергија |
| | Изградба на регионална депонија за комунален отпад | Изградена регионална депонија за комунален отпад |
| | Планирање на острови за привремено складирање на отпад кој може да се рециклира или преработи (садови за стакло, пластика, хартија, отпад од електрична и електронска опрема, батерии и акумулатори и др. фракции) | • Поставени садови низ градот, количество на собран отпад од секоја фракција на месечно/годишно ниво и каде се предадени<br>• % на селектиран и собран отпад кој може да се рециклирара или преработи од вкупно генерираниот отпад во градот/општината |
| **Почва** | Ограничување на загадувањето на почвата | Ремедијација на загадените површини<br>Засадување на нови шумски површини |
| | Ефикасно управување со различните типови на отпад кои ќе се создаваат во капацитетите од лесна индустрија | % на селектиран отпад и соодветно искористен |
| | Зголемување на исчистените површини кои служеле како диви депонии | % или површина на исчистени диви депонии |
| **Население** | Зајакнување на јавната свест на населението во поглед на превенција и заштита на животната средина | Превенција, минимизирање на создавање на отпад, селектирање, одлагање на отпадот во посебни садови поставени од општината за секој отпад посебно, создавање на компост од биоразградлив отпад во домашни услови |

| Елемент на СОЖС за Планскиот документ | Цели на СОЖС | Индикатори на СОЖС |
|---|---|---|
| | Подобрен квалитет на живот | Намалена миграција, подобрена социо – економска и здравствена состојба на населението и зголемен животен век |
| **Човеково здравје** | Намалување на здравствениот ризик од несоодветно управување со отпад, од емисиите во воздух и вода | • Број на респираторни болести<br>• Број на ревни заболувања<br>• Должина на новоизградена водоводна мрежа<br>• Изградена пречистителна станица за урбани отпадни води |
| **Пејзаж** | Расчистување на локации т.н. диви депонии каде несоодветно е одложен отпадот | Број на локации и површина од која е остранет отпад каде несоодветно бил одложен |
| **Климатски фактори** | Намалување на емисии на стакленички гасови | Тренд на намалување на годишни емисии на стакленички гасови |
| | Зголемување на удел на обновливи извори на енергија | % на удел на обновливите извори во вкупната потрошувачка на гориво |
| | Искористување на отпадот (биомаса) како извор на енергија | % на удел на енергија добиена од отпад во вкупната потрошувачка |

# 9. ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Поаѓајќи од стратешките документи на локално ниво - Локален акционен план за животна средина за Општина Демир Капија каде се идентификувани предизвиците поврзани со медиумите на животна средина истите послужија за идентификување на позитивните и негативните влијанија на исполнувањето на целите на планскиот документ во однос на целите на СОЖС.

Имајќи во предвид дека станува збор за анализа на ниво на цели, од стратешки аспект, не се разгледуваат поединечните развојни проекти од типот на изградба на комерцијални, деловни или објекти за лесна и незагадувачка индустрија.

За секој од поединечните објекти потребно е да се пристапи кон детална анализа на влијанијата и типот на влијанијата во сите фази на проектот. Сите фази на проектот како истражни работи, градба на објектите, оперативна фаза на проектот, случај на ненадејна хаварија/инцидент и во случај по престанок на работа на проектот треба да се анализираат од аспект на влијание на сите проектни активности врз сите елементи на животната средина.

Идентификацијата на можните негативни и позитивни влијанија на проектните активности врз животната средина како и оценка на типот, значењето, обемот, јачината и други карактеристики на влијанијата се дефинирани согласно глава XI од Законот за животна средина ("Сл. Весник на РМ" 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22) – Постапка за Оцена на влијанието врз животната средина на одредени развојни проекти или согласно член 24 став 3 од истиот Закон за постапката на изработка на Елаборати за заштита на животната средина.

При спроведување на целите на Генералниот Урбанистички План на град Демир Капија, во Општина Демир Капија се очекуваат позитивни влијанија врз социо - економскиот развој на Општината и пошироко, како што се:

- Подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард во градот преку:
  - дооформување на инфраструктурата (локална патна мрежа);
  - изградба на објекти за индивидуално и колективно домување;
  - уредување на парковски површини и локации за рекреација;
- Развој на лесната и незагадувачка индустријата;
- Подобрување на бизнис климата и привлекување на нови инвестиции;
- Можности за развој на повеќе туристички атракции и развивање на автентична локална понуда на храна и различни гастрономски производи и привлекување на туристи кои транзитираат низ регионот;
- Отворање на нови работни места;
- Зголемување на доходот по глава на жител и стапката на економски раст;
- Зголемување на приходите на локалната самоуправа.

Матриците за идентификација на влијанијата на целите на планскиот документ врз различните елементи на СОЖС и оценка на влијанието се дадени во Табела 12.

Табела 12 Идентификација на влијанијата на целите на планскиот документ врз различните елементи на СОЖС и оценка на влијанијата

| Елемент на СОЖС / Влијание | биодиверзитет | население | човечко здравје | почва | вода | воздух | климатски фактори | материјални придобивки | културно наследство | пејсаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Карактер на влијанието (+/-)** | - | + | - | - | - | - | - | + | - | - |
| **Тип на влијанието (директно/ секундарни/кумулативни/синергетски ефекти)** | **директни** | **синергет.<br>директни** | **директни** | **директни<br>кумул.** | **директни<br>кумул.** | **директни** | **кумул.** | **директни** | **директни** | **директни** |
| **Јачина на влијанието (голема/средна/мала)** | **средн** | **голема** | **голема** | **средна** | **голема** | **голема** | **мала** | **средна** | **голема** | **средна** |
| **Краткотрајни/среднорочни/долготрајни ефекти** | **долгорочни** | **долгорочни** | **долгорочни** | **средни** | **долгорочни** | **долгорочни** | **долгорочни** | **долгорочни** | **долгороч ни** | **долгорочни** |
| **Континуирани/привремени ефекти** | **контин.** | **конт.** | **конт.** | **привр.** | **контин.** | **контин.** | **контин.** | **контин.** | **контин.** | **контин.** |
| **Прекугранични ефекти** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** | **нема** |
| **Реверзибилни/иреверзибилни ефекти** | **ирев.** | **ирев.** | **ирев.** | **ревер.** | **реверз.** | **реверз.** | **иреверз.** | **ирев.** | **реверз.** | **ирев.** |
| **Веројатност на појавување (сигурно/невозможно/можно)** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** | **сигурно** |
| **Важност (локална/регионална/национална)** | **локална** | **локална** | **локално** | **локална** | **локална** | **локално** | **регионална** | **локална** | **локално** | **локална** |
| **Осетливи елементи на СОЖС во предметниот опфат** | | | | | | | | | | |

## 9.1 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАСЕЛЕНИЕТО

Имплементацијата на Урбанистичкиот План на Град Демир Капија ќе овозможи подобрување на патната инфраструктура во градот, обезбедување на услови за изградба на објекти за индивидуално и колективно домување, овозможување на услови за развој на лесната и незагадувачка индустрија, подобрување на нивото на животен стандард, подобрување на уреденоста на просторот со зелени површини и површини за спорт и рекреација. Сите овие активности ќе иницираат и позитивно влијание врз социо-економските карактеристики на општината, преку стимулирање на развојот на останатите дејности (туризам, угостителство, транспортни услуги), атрактивноста и поволната местоположба на градот ќе ги иницираат приватните лица да инвестираат како и привлекување на инвеститори во подолг временски период, зголемување на стапката на економски раст, отварање на нови работни места и зголемување на приходите на локалната самоуправа.

## 9.2 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ЗДРАВЈЕ

Реализацијата на планското решение и класите на намени предвидени со ГУПот (домување, лесна и незагадувачка индустрија, комерцијални и деловни единици, улична мрежа) во однос на човековото здравје на околното население, нема да предизвикаат значителни влијанија заради видот и природата на развојните проекти, кои генерално гледано, не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и човековото здравје.

При изградба и работа на капацитетите од лесна и незагадувачка индустрија се очекуваат незначителни директни влијанија врз здравјето на луѓето (бучава, вибрации, емисии во воздухот од возилата, прашина итн.).

Заштитата на животната средина и човековото здравје ќе се постигне преку уредување на површини со зеленило, локации за спорт и рекреација што севкупно ќе придонесе кон позитивно влијание врз човековото здравје.

## 9.3 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ

Бидејќи спроведувањето на ГУП за град Демир Капија вклучува изградба на објекти за домување, објекти за лесна индустрија, комерцијални и деловни објекти, проширување на локална патна инфраструктура, главните влијанија врз квалитетот на воздухот во подрачјето се очекуваат за време на градбата – изведба на земјени и бетонски работи за поставувањата на темелите и конструкциите на објектите, но и при секојдневното одвивање на сообраќајот на новите улични краци.

Главни извори на емисии (прашина како фугитивна емисија на најситните честички на земја, песок и оксиди од согорување на фосилни горива) ќе бидат градежните работи (расчистување на земјиштето од вегетација, изведба на земјени, бетонски и асфалтни работи) и сообраќајот (движење на транспортните возила, градежната механизација и опрема).

Градежната механизација, различните видови на возила и опрема кои ќе се користат при изградба претставуваат мобилни извори на емисии на загадувачки материи од кои најкарактеристични се NOx, CO, PM10, несогорени јаглеводороди, сулфур, олово, бензен и други ароматски јаглеводороди кои придонесуваат кон секундарно создавање на озон и сите претставуваат директен и индиректен ризик на човековото здравје и животната средина. Квалитетот на горивата во Македонија е во рамките на европските стандарди и се контролира во акредитирани лаборатории.

Појавата на емисиите на согорувачките супстанции и негативното влијание е со краток интензитет, на локално ниво и преку дистрибуција на загадувачките супстанции делува на квалитетот на воздухот во подрачјето.

Ќе има појава на зголемен сообраќај на возила кои ќе се обраќаат во поголем обем и поради проширувањето на уличната мрежа кои се предвидени со планското решение што ќе биде потенцијален ризик од зголемени емисии на загадувачки материи од мобилни извори.

Специфичните значајни влијанија врз квалитетот на воздухот ќе се предвидат за секоја посебна активност/проект, која ќе се спроведува во рамките на планскиот опфат и секако ќе добијат и соодветен третман со мерки за намалување или елиминирање на истите. Треба да се предвидат превентивни мерки за намалување на емисиите.

Енергетската ефикасност, користење на енергетски ефикасен начин на загревање пред се прифатлив за животната средина (геотермални пумпи, пелети, централно греење, инвертер клими) во ново изградените објекти, користење на сончевата енергија за добивање на електрична енергија од обновлив извор.

## 9.4 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Климатските промени ќе бидат афектирани преку емисија на стакленички гасови доколку во објектите (за лесна и незагадувачка индустрија) кои се планирани со ГУПот се користат фосилни горива и доколку се продолжи со одлагање на отпадот на несоодветни места.

Енергетскиот сектор и создавањето и финално отстранување на отпадот на депонии се најголемите извори на стакленички гасови (72 % од вкупните се резултат на согорување на фосилни горива и 8 % од отпадот), а во моментов искористеноста на обновливи извори на енергија изнесува 31 %, се очекуваат зголемени емисии на стакленички гасови. Но сепак, имајќи во предвид дека станува збор на капацитети од мал обем тие би имале минимално учество со своите емисии на стакленички гасови во вкупните годишни на национално ниво.

## 9.5 ВЛИЈАНИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ

Од реализацијата на решенијата во рамки на ГУП извори на емисии на отпадни води ќе бидат урбаните и индустриски отпадни води кои ќе се генерираат во објектите за индивидуално и колективно домување, капацитетите за лесна и незагадувачка индустрија. Доколку неправилно се управува со отпадните води истите може да имаат значително негативно влијание врз површинските и подземните води и тоа не само од локално туку и регионално значење (река Вардар).

Овие претпоставени негативни влијанија ќе бидат сведени на минимум ако се обезбедат превентивни мерки на заштита и пред третман на отпадните индустриски води.

Спроведувањето на целите на планот ќе наметне потреба од идентификување на изворите на емисии во површинските и подземните води и степен на приклученост на канализациониот систем.

Нарушување на квалитетот на површинските и подземните води може да биде резултат и од неправилното управување со отпад, како и складирањето и ракувањето со хемикалии, горива, масла, масти, суровини и др. во рамките на капацитетите за лесна и незагадувачка индустрија. Овие влијанија се појавуваат во фазата на имплементација на планот - изградба на објектите и за време на нивното работење.

Во фаза на градба потребно е да се преземат мерки на добра градежна практика кои превентивно ќе влијаат на спречување на негативни влијанија на проектните активности врз водите.

Обемот и интензитетот на сите влијанија предизвикани од сите поединечни активности, детално ќе бидат објаснети при изработката на различните законски потребни документи (Студија за оцена на влијанијата врз животната средина, Елаборатите за заштита на животната средина, за секоја активност поединечно, а за некои и ИСКЗ дозволата). Важен фактор е и ефикасното користење на водите во производниот процес на што посебно треба да се обрне внимание и рециркулација на водите.

## 9.6 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЧВАТА

Негативни влијанија врз почвата при реализација на ГУП за Град Демир Капија може да се очекуваат од несоодветно управување со отпад и со отпадни води кои ќе се создаваат од објектите за лесна и незагадувачка индустрија.

Активностите за изградба на објектите, кои се предвидени со овој ГУП за Демир Капија може да ги нарушат геолошките карактеристики на почвата, како резултат на користење на тешка механизација и возила, транспортот и одлагање вишок на ископан материјал, одложување на градежниот отпад (шут) и др. При движење на возилата и тешката механизација може да дојде до збивање на почвата што може да доведе до нарушување на природниот квалитет и намалување на плодноста на истата.

Во фазата на функционирање на објектите не се очекуваат влијанија врз квалитетот на почвата евентуално од неправилното управување и одлагање на отпадот, како и неправилното одведување и третирање на отпадните санитарни води. Имајќи во предвид дека станува збор за капацитети за лесна индустрија, комерцијални и деловни објекти и објекти за домување влијанијата ќе бидат незначителни.

## 9.7 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРЕДЕЛОТ

При градба на објектите за домување, комерцијалните и деловни објекти, објектите за лесна и незагадувачка индустрија, изградба- проширување на патната улична мрежа пределот ќе се претрпи краткотрајни промени како резултат на активностите кои ќе се превземаат на теренот во облик на расчистување, копање на темели и присуството на големи транспортни возила, камиони и друга механизација потребна за транспорт на градежниот материјал и инфраструктурата за довод на гас, електрична енергија, водоснабдување и одведување на отпадни води.

Влијанијата нема да бидат значително негативни од причини што сите објекти нема да се градат исовремено, туку со одредена динамика и во зависност од заинтересираноста на инвеститорите и барањата на населението за изградба на објекти за домување. Со ваквиот развој на планското решение ќе се постигне граѓаните постепено да го прифаќаат новиот изглед на своето опкружување.

Спроведувањето на содржините предвидени со ГУПот ќе има исклучително позитивно влијание на пределот од аспект на пејзажна и функционална компонираност со постојните сообраќајници и ќе делува како една осмислена урбанизирана целина, бидејќки покрај

градежните објекти се предвидени зелени површини со хортикултурно уредување и терени за спорт и рекреација.

## 9.8 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

На подрачјето предвидено за развивање на планското решение за ГУП согласно Заштитноконзерваторски основи за културно наследство за ГУП Демир Капија (бр.08-66/5 од 16.09.2021 година) изработени од НУ Национален конзерваторски центар – Скопје и Решение за нивно одобрување донесено од Управата за заштита на културното наследство – Скопје бр. УП17-797 од 28,09,2021година) има заштитени недвижни добра, односно добра со статус на културно наследство.

Во Условите за планирање на просторот издадени од Агенцијата за планирање на просторот и согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Демир Капија има еден регистриран недвижен споменик на културата како и повеќе евидентирани археолошки локалитети. Насоките се однесуваат да при изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и согласно наодите да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

При подготовка на планската документација испратено е писмо до Управата за заштита на културното наследство – Министерство за култура на РМ по кое не е добиен одговор.

Во случај да при реализацијата на планот да се наиде на археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04 и бр.1/07) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

## 9.9 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БИОДИВЕРЗИТЕТОТ (ФЛОРА И ФАУНА)

Во зоните во кои се планира реализација на објектите (градско подрачје), не се идентификувани ендемични, загрозени или реликтни видови од флората и фауната, како и карактеристични природни живеалишта. Влијанијата врз флората и фауната ќе бидат негативни и значителни во фазата на изградба, а во зависност од обемот и времетраењето локални и долгорочни.

Градежните активности (за изградба на објектите, уличната патна инфраструктура и при уредување на просторот) негативно влијаат на одредени растителни и животински видови кои имаат свои природни живеалишта на и во близина на планскиот опфат:

- појава на бучава и вибрации при работата на градежните возила, од машините и опремата кои се користат при изградбата, ќе предизвика вознемиреност кај водоземците, како и пореметување на нивниот репродуктивен процес;

- зголемена фреквенција на возила и луѓе може да предизвика вознемиреност кај птиците, како и останатите живи организми поготово во периодот на нивното парење,

- уништување на дел од растителна вегетација во рамки на градежните парцели; - смртност на видови на флора и фауна за време на фазата на изградба.

# 10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Со цел спречување, отстранување или ублажување на негативните влијанија на целите на планскиот документ врз елементите на Стратегиска оцена на животна средина потребно е да се имплементираат следните чекори:

a) спроведување на мерките дадени во планската документација за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија (Поглавје 8 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА) од страна на планерите од Агенција за планирање на просторот во Декември 2019 год.

b) спроведување на мерките дадени во Табела 13 како дел на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Планерите предлагаат мерки кои се општи и се однесуваат на почитувањето на законските норми од областа на изградба на идните објекти и генералните барања за заштита на животната средина, што се разбира е неминовно и правно обврзувачко. Во планската документација е прикажана Листа на законска регулатива од областа на животната средина и поединечните секторски закони, но Листата е нецелосна, не ажурирана.

Примената на енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, принципот на циркуларна економија, не се наведени како мерки кои имаат долгорочни предности за животната средина и финансиски заштеди, а секако и редуцирање во користење на нови суровини.

Преглед на мерки за заштита од пожар, мерки за заштита од воени разурнувања и заштита од природни непогоди се дадени и затоа експертот за СОЖС овие теми нема да ги опфати со дополнителни мерки.

Од страна на експертот за СОЖС предложени се мерки прикажани во Табела 13 во однос на елементот на СОЖС и соодветните цели кои треба да се постигнат. Предлог мерките главно се фокусирани на идентификација на теми кои треба да се земат во предвид при подготовка на други документи кои следуваат по усвојувањето на планот и изградба на предевидените објекти (Студија за оценка на влијание на развојниот проект врз животната средина/Елаборат за заштита на животната средина/Дозвола за интегрирана контрола и заштита од загадување - ИСКЗ дозвола). Дел од мерките се насочени кон идентификација на потреба од подготовка на нови плански документи од страна на индустриските капацитети и од страна на локалната самоуправа на Општина Демир Капија (План за управување со отпад, План за управување со хемикалии, План за управување со животната средина итн..). Мониторингот на сите медиуми како важен сегмент за секој плански стратешки документ е ставен како приоритетен.

План за мониторинг на животната средина и од страна на локалната самоуправа на Општина Демир Капија и на регионално ниво, поентирана е потребата од мониторингот на сите медиуми како важен сегмент за секој плански стратешки документ.

Табела 13 Предлог мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| Вода | Обезбедување на доволни количини на квалитетна вода за пиење и други санитарни потреби преку планирање на дополнителни водоснабдителни системи и нивно редовно одржување | ▪ Доизградба, проширување и реконструкција на водоводната мрежа за покривање на сите населените места и домаќинствата со квалитетна вода за пиење.<br>▪ Изградба на уште 1 резервоар за вода за да се отстрани недостатокот од снабдување со вода во летниот период.<br>▪ Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на основните хидротехнички услови при изработка на идејните и основните проекти.<br>▪ Зголемена контрола на водите за полевање.<br>▪ Користење на подземните води да се врши со динамика врз основа на извршени хидрогеолошки испитувања со што би се избегнало пореметувањето на режимот на нивното хранење. |
| | Ефикасно користење на водата за пиење и санитарни потреби, намалување на загуби на вода и намалување на број на диви приклучоци | ▪ Рационално трошење на водата во домовите, капацитетите од мало стопанство и објектите од јавен карактер, континуирано одржување на водоводната мрежа заради избегнување на губитоци на вода.<br>▪ Зачестена контрола од ЈКП "Бошава" по однос на идентификување на дивите приклучоци на водоводната мрежа и можноста за таа појава да се елиминира во целост.<br>▪ Почитување на националната законска регулатива во поглед на црпење, користење на водата, најновите технички достигнувања (најдобри достапни техники - BAT) за ефикасно користење на водата за соодветниот технолошки процес.<br>▪ Во студиите за оценка на влијанието на секој развоен проект посебно (Студија за влијание на проектот врз животната средина/Елаборат за заштита на животната средина/Апликација за ИСКЗ дозвола) исклучиво да се бара техничко решение за ефикасно користење на водата, воведување на мерки за максимално искористување на водата и нејзино рециркулирање во процес. |
| | Собирање и третман на урбаните отпадни води од град Демир Капија и/или места (изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води) | ▪ Изградба на канализациона мрежа во сите населени места<br>▪ Изработка на колекторски систем<br>▪ Изградба на пречистителна станица |

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| | | ▪ Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на испуштање на отпадните води во канализационата мрежа. Следење на барањата на ЕУ Директивата за интегрирана контрола и заштита од загадувањето и ЕУ Рамковната Директива за води и ЕУ Директивата за емисии на приоритетни супстанции кои се испуштаат во отпадните води. |
| | Обезбедување на извори на техничка вода за користење за наводнување на домовите и дворните места | Подготовка на потребна техничка документација (проект, хидрогеолошки истражувања) и воспоставување на систем за користење на техничка вода (изведување на градежни работи за поставување на потребна инфраструктура и опрема).<br>Активности од општина Демир Капија за стимулирање на граѓаните да користат техничка вода и презнтирање на придобивките кои би значеле заштеда на вода за пиење и обезбедување на непречено снабдување со вода за сите населени места во текот на цела година.<br>Преку користењето на техничка вода ќе се обезбедат заштеди на вода за пиење и нејзино рационално користење. Особено од големо значење е заштедата во летниот период кога поради суша се јавува недостаток на вода за пиење во сите населени места. Техничката вода ќе им обезбеди на граѓаните постојан извор за полевање на дворните места и засадените култури. |
| | Водата која се користи во производните процеси се рециклира, пред испуштање во реципиент да се пречисти до квалитет на урбана отпадна вода | ▪ Инсталирање на систем за прочистување на отпадни води соодветен на технолошкиот процес во секој од капацитетите за лесна и незагадувачка индустрија почитувајќи ги законските барања за испуштање на вода до квалитет на урбана отпадна вода.<br>▪ Следење на барањата на ЕУ Директивата за интегрирана контрола и заштита од загадувањето и ЕУ Рамковната Директива за води и ЕУ Директивата за емисии на приоритетни супстанции кои се испуштаат во отпадните води. |
| | Ограничување на загадувањето на водите во речните корита (Бошава и река Вардар) | ▪ Во капацитетите од лесна и незагадувачка индустрија да се врши третман на водите кои се користат во процесот пред да се изврши нино испуштање во реципиент (река Вардар и река Бошава)<br>▪ Изградба на системи за прочистување на отпадни води, третман на отпадните води и ниивно испуштање во реципиентот кога нивниот квалитет ќе биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл.Весник бр.)<br>▪ Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на испуштање на отпадните води во канализационата мрежа. Следење на барањата на ЕУ Директивата за интегрирана контрола и заштита од загадувањето и ЕУ Рамковната Директива за води и ЕУ Директивата за емисии на приоритетни супстанции кои се испуштаат во отпадните води.<br>Во студиите за оценка на влијанието на секој производен проект посебно да се поентира решението на пречистување на отпадните води, градбата на системи за прочистување на отпадни води, квалитетот на реципиентот каде водата ќе се испушта, техниката на пречистување и степенот на пречистување. |

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| Воздух | Зголемување на уделот на обновливи извори на енергија во вкупната потрошувачка (сончева енергија) | Енергијата добиена од фосилни горива да се замени со енергија добиена од обновливи извори (сонце, ветар, биомаса, метан) со што директно ќе се влијае на заштеда на енергијата, заштитата на животната средина и здравјето на луѓето.<br>Поставување на соларни панели на објектите за домување и објектите за лесна и незагадувачка индустрија со што ќе се обезбеди енергетска независност на секој од објектите, а воедно и допринос кон одржување на електроенергетскиот систем во можност непречено да испорачува електрична енергија до сите корисници/потрошувачи. |
| | Воведување на концептот за енергетска ефикасност кај јавни, деловни објекти и објекти за домување | Користење на енергетски ефикасни градежни материјали, елементи што штедат енергија – енергетско ефикасни (изолациони) градежни материјали, прозорци, врати, покриви на домовите и објектите од лесна и незагадувачка индустрија. Намалување на користењето на огревно дрво како извор на затоплување, користење на еколошки прифатливи начини на загревање, користење на геотермални пумпи, инвертер клима уреди, пелети, централно греење особено во јавните објекти. |
| | Унапредување на постапувањето со отпадот за да се намалат емисиите во воздух како резултат на самозапалување на биоразградливиот отпад и горење на дивите депонии | Обезбедување на садови за одлагање на отпад на повеќе локации, почеста фрекфенција на подигање на отпадот од ЈКП “Бошава”, реупотреба на биоразградливиот отпад како компост, зајакнат инспекциски надзор, подигање на јавната свест кај граѓаните за: штетното дејство од палење на отпадот на отворено (за здравјето на луѓето и по однос на земјоделските производи карактеристични за регионот), нарушен имиџ на општината која претставува туристичка дестинација.<br>Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на испуштање на емисии на загадувачки супстанции под максимално дозволените концентрации. |
| Отпад | Поттикнување на јавната свест на граѓаните околу правилното управување со отпадот, можноста за негова повторна употреба како суровина или за енергија и ефектите врз здравјето на граѓаните | Општина Демир Капија во соработка со Вардарски плански регион да спроведуваат кампањи, работилници, часови во основните и средни училишта за значењето на управувањето со отпад, негово законско имплементирање преку (минимизирање на создавање на отпад, селектирање, реупотреба, искористување на отпадот како енергенс и последна алтернатива депонирање) што би значело зголемен степен на хигиена во градот и општината, елиминирање на диви депонии, чисти речни корита,подобрена здравствена состојба на населението, добивање на електрична енергија од искористување на био отпадот што ќе имплицира директни финансиски заштеди, но и придобивки бидејќи нема да се зафаќаат нови површини за депонирање на отпадот.<br>Медиумите и социјалните мрежи е неопходно да бидат партнери во ваквиот пристап на општината со цел кампањата да допре до поголема група на граѓани со што и ефектот од нејзината реализација би бил поголем и за покусо време би дала резултати.<br>ЈКП “Бошава” паралелно да спроведува акции за поставување на канти за селекција на различни фракции на отпад, почеста фрекфенција на собирање на отпадот со цел граѓаните да добијат |

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| | | квалитетна услуга и да ги препознаат предностите на селектирањето и да бидат стимулирање да селектираат во поголем обем.<br>Воедно и во капацитетите од лесна и незагадувачка индустрија е неопходно да се поттикнува употребата на отпадот како суровина онаму каде што е можно или да се користи за добивање на енергија со што компаниите би ги намалиле трошоците за управување со отпад, а истовремено би обезбедиле производство на енергија која не потекнува од фосилни горива. |
| | Селектирање на комуналниот отпад од останатите фракции | Поставување на посебни садови за стакло, пластика, хартија на локации во град Демир Капија посебно означени каде граѓаните ќе може одделно да го одлагаат отпадот.<br>Со одделувањето на комуналниот од другите видови на отпад ќе се постигне усогласување со националното законодавство за селектирање на комуналниот отпад и правилно управување со секоја фракција на генериран отпад. Селектирањето на комуналниот отпад ќе обезбеди постигнување на зададените цели на национално ниво до 2030 да бидат постигнати 60% селектирање. |
| | Намалување на количеството на отпад кој финално се отстранува на депонии, а истиот може да се реупотреби или искористи како енергија, компост и за др. намени | Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на управување со отпадот од страна на сите чинители кои генерираат отпад во регионот (население, индустрија, и сл.) со цел максимална селекција на реупотрбливите фракции и нивно понатаможно искористување, а истовремено намалување на количините на отпад кои ќе се депонираат.<br>Следење на насоките и целите дадени во Стратегијата и Планот за управување со отпад за Вардарски регион.<br>Поттикнување на населението да спроведува максимално искористување на биоразградливиот отпад особено отпад добиен од обработка на земјоделски површини и добивање на компост кој може да се користи како ѓубриво во земјоделски цели.<br>Соработка на општина Демир Капија и Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство за преземање на заеднички акции со цел запознавање на граѓаните/земјоделците за предноста од искористувањето на биоразградливиот отпад наспроти негово финално одлагање на депонии и зафаќање на нови површини со кои дополнително ќе се оптовари животната средина. |
| | Посебно искористување на биоразградливиот отпад (од винарии во општина Демир Капија, производни капацитети од производство на храна, ресторани, касарни и др. установи)<br>Искористување на биоразградливиот отпад од комуналниот отпад собран од домаќинставта за добивање на енергија | Спроведување на анализа за потенцијалниот био отпад и негови количини кои се создаваат во капацитетите на територија на Општина Демир Капија (винскиот отпад, отпад од фарми и кланици, отпад од прехранбена индустрија, ресторани и поголеми угостителски објекти, зелен градинарски отпад собран од јавното зеленило) заради испитување на можноста на искористување на енергетскиот потенцијал на овој отпад. Секоја фракција на отпад има различна калорична вредност |

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| | | и потребно е да се испитаат со цел да се изнајде соодветно решение за нивно искористување но воедно да биде финансиски исплатливо.<br>За реализација на проект кој би бил економски исплатлив ќе биде потребно да се вклучат винариите, фармите, капацитетите за преработка на прехрамбени производи од поширокиот регион.<br>Биоразградливата фракција во рамки на комуналниот отпад опфаќа 60% од отпадот. Со искористување на биоразградливиот отпад кој е дел од комуналниот отпад, може да се преполови годишната оптовареност на постојните депонии. Акција на општина Демир Капија заедно со ЈКП “Бошава” за поттикнување на селекција на биоразградливиот отпад со цел да се отпочне со поголема селекција на истиот, да се спречи негово палење, одлагање на депонија, а воедно неискористување на значаен ресурс кој може да донесе бенефит во форма на употреба на биолошкиот потенцијал за производство на биогас и електрична енергија. |
| | Изградба на регионална депонија за комунален отпад | Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на управувањето со отпадот и негов соодветен третман на регионално ниво.<br>Следење на современиот ЕУ принцип на управување со отпадот: а)минимизирање на генерирање на отпад, селектирање на местото каде се создава, рециклирање на типовите отпад кои можат да се рециклираат за намалување на количината која финално би се отстранила на депонија, искористување на отпадот како енергија. Посебна улога има опасниот отпад кој сега се меша со комуналниот и се носи на општинските депонии во регионот.Треба да се внимава собирањето, транспортирањето и финалното отстранување на отпадот да биде направено од овластено правно лице кое има добиено дозвола за таа активност (истото важи и за опасниот отпад).<br>Зајакнување на капацитети на локалната администрација во поглед на планирање, управување со отпадот (различните типови на отпад, идентификација на отпадите спрема Листата на отпади и соодветно управување со секоја фракција, инспекција.<br>Непостоењето на регионална депонија и одлагање на отпадот на нерегуларни и диви депонии, влијае на квалитетот на останатите медиуми во животната средина и нивно загадување (воздух, вода, предел, заразни болести, кожни болести и болести кои се пренесуваат преку домашните животни. |
| | Планирање на острови за привремено складирање на отпад кој може да се рециклира или преработи (садови за стакло, пластика, хартија, отпад од | Обезбедување на локации во рамки на градот каде граѓаните ќе можат да го селектираат отпадот по фракции со што ќе се постигне подобрен степен на управување со отпадот, намалување на бројот на диви депонии, зголемена хигиена во градот, висок степен на свесност на граѓаните за |

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| | електрична и електронска опрема, батерии и акумулатори и др. фракции) | селекција на отпад, можност за повторна употреба на отпадот како суровина, ефикасно работење на ЈКП “Бошава”.<br>На ваков начин ќе се обезбеди исполнување на целите за степен на рециклирање на комунален отпад од 60% до 2030 година. |
| Почва | Ограничување на загадувањето на почвата | Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на испуштање на отпадните води, отстранувањето на различните фракции на отпад, користењето на земјиштето со соодветна бонитетна класа.<br>Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на употреба на пестициди и вештачки ѓубрива за земјоделските посеви кои ќе се наводнуваат од вода од Вардар.<br>Следење на барањата на ЕУ политиката за загадување на почвите (Стратегија на ЕУ за почви и Директива за загадување на почвите). |
| | Ефикасно управување со различните типови на отпад кои ќе се создаваат во капацитетите од лесна индустрија | Доследно исполнување на националната законска регулатива во поглед на управување со отпадот од страна на операторите со капацитетите за лесна и незагадувачка индустрија во планскиот опфат. Во студиите за оценка на влијанието за секој капацитет посебно да се претстави План за управување со отпадот кој ќе се генерира во објектот. Треба да ги содржи начелата на управување со отпадот (минимизирање на генерирање на отпадот, селекција на место на создавање, рециклирање - договор со фирми кои рециклираат отпад, повторна употреба на отпадот во производниот процес и финално отстранување на неопасниот индустриски отпад одвоен од опасниот на депонија.<br>Да се следат најдобрите практики во светот на искористување на отпадот во производниот процес или како гориво.<br>Да се следат насоките и целите дадени во Стратегијата и Планот за управување со отпад. |
| | Зголемување на исчистените површини кои служеле како диви депонии | Со расчистување на дивите депонии ќе се обезбедат нови површини кои општината би ги искористила за други намени, а воедно ќе се постигне поголем степен на заштита на животната средина на проектното подрачје.<br>На овој начин општина Демир Капија ќе обезбеди доследно спроведување на барањата на националната регулатива во поглед на собирање, транспорт, селекција на различните фракции посебно опасниот отпад, третманот и финалното отстранување на депонија. |
| Население | Зајакнување на јавната свест на населението во поглед на превенција и заштита на животната средина | Организирање на кампањи од страна на општин Демир Капија во соработка со училиштата, медиумите и НВО за значењето на примената на мерките за заштита на животна средина, преку спроведување на енергетска ефикасност, селектирање на отпад, користење на обновливи извори на енергија. Истовремено предочување и на здравствените придобивки, социо – економските придобивки, обезбедување на препознатливост на општината како здрава средина за привлекување на туристи и посетители  кои транзитираат низ државата. |

| Елемент на СОЖС | Цели на СОЖС | Предлог Мерки за спречување, намалување или ублажување на значајните негативни ефекти од реализацијата на планскиот документ |
|---|---|---|
| | Подобрен квалитет на живот | Мерките за заштита на животната средина кои општина Демир Капија ќе ги преземе (подобрено водоснабдување, подобрено управување со отпад, применети мерки за енергетска ефикасност) ќе доведат до задоволство на жителите од еколошкото опкружување, новите капацитети ќе создадат можност за отварање на нови работни места и подобрување на социо – економската состојба. |
| Човеково здравје | Намалување на здравствениот ризик од несоодветно управување со отпад, од емисиите во воздух и вода | Да се воспостави систем на собирање, анализа на податоците и подготовка на план за следење на зависноста на развој на болести и нивна тенденција на зачестеност/намалување како резултат на подобрената состојба со водоснабдување на градот, воведените мерки за енергетска ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија, зголемување на процентот на селекција на отпад, намалени количини на отпад кој се одлага на депонии, расчистени диви депонии. |
| Пејзаж | Расчистени на локации т.н. диви депонии каде несоодветно е одложен отпадот | Општина Демир Капија преку расчистување на дивите депонии (присутни и во близина на планскиот опфат) би обезбедиле нови слободни површини и доследно би извршиле спроведување на барањата на националната регулатива во поглед на собирање, транспорт, селекција на различните фракции посебно опасниот отпад, третманот и финалното отстранување на депонија. |
| Климатски фактори | Намалување на емисии на стакленички гасови | Во студиите за оценка на влијанието на секој капацитет за лесна и незагадувачка индустрија посебно да се бара следење на потрошувачка на енергија и нејзино ефикасно користење и примена на нови технологии кои ќе овозможат максимално искористување на отпадот како суровина и можност за негово минимизирање. |
| | Зголемување на удел на обновливи извори на енергија | Максимално искористување на обновливи извори на енергија (сончева, геотермална на пр.) со поставување на соларни панели и користење на енергетско ефикасни (изолациони) градежни материјали во објектите за домување и за лесна и незагадувачка индустрија. |
| | Искористување на отпадот (биомаса) како извор на енергија | Да се искористат сите можности за искористување на отпадот од винариите (комињето и гранките) за добивање на енергија преку изградба на биоцентрала со заеднички средства од винариите во Демир Капија и поширокиот регион со цел проектот да има исплатливост и да биде во можност да се обезбеди енергија која би се наменила за потребите на винарските визби.<br>Во централата би се користеле и количини на био отпад од индивидуални винопроизводители, фарми за одгледување на свињи, крави и други можности со кои би се зголемил внесот на суровина (во случајот отпад) за поголемо производство на енергија. |

# 11.АЛТЕРНАТИВИ

Како составен дел на Стратегиската оцена на влијанието на планскиот документ врз животната средина потребно е да се разгледаат алтернативите во поглед на неколку карактеристики на планскиот документ, но во најрана можна фаза:

a) при избор на најдобро решение за намена на земјиштето,

b) локацијата на предметниот опфат,

c) аспект на економската оправданост,

d) финансиската можност и интерес од страна на инвеститорите

e) заштитата на животната средина и одржливоста на планскиот документ.

Првите четири критериуми се разгледувани и земени во предвид при донесувањето на одлука на Министерство за транспорт и врски.

Од анализата на постојната состојба произлегуваат следниве заклучоци:

- Просторот има поволна географска положба и добри микроклиматски услови;
- Просторот делумно е градежно изграден (20 % е неизградено земјиште), има постоечка функционална инфраструктура која треба да се надгради и усогласи со реалните потреби на општината, жителите и сопствениците;
- За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со цел постигнување поголем стандард во однос на сообраќајната и електроенергетската структура;
- Предмениот локалитет има потреба од дополнување на просторот согласно потребите на корисниците на просторот.

Разгледувана е големата потреба од страна на населението за станбен простор, како и на инвеститорите за простор за развој на мали капацитети, земени се во предвид класите на земјиштето и усогласеноста со ПП на РМ. При тоа се разгледани сите позитивни аспекти од урбанизација на просторот и евидентна е придобивката за целата Општина Демир Капија за обезбедување на основни животни предуслови и социо – економски развој.

Во оваа фаза можно е да се разгледаат само неколку варијанти во поглед на исполнување на целите на Стратегиска оцена на животната средина преку предлог мерките за заштита, намалување или ублажување на значајните негативни влијанија од реализација на целите на планскиот документ. Затоа се предложени неколку алтернативи на понудените решенија во поглед на:

a) користење на обновливи енергетски извори (сонце, води),

b) искористување на отпадот како енергетски извор,

c) одржливи технички решенија со намалена потрошувачка на вода, суровини и енергија (најдобри достапни техники за соодветниот производен сектор)

d) минимизирање на создавањето на отпад преку анализа на целиот циклус на производот и примена на принципот на циркуларна економија за искористување на отпадот како суровина како лесно спроведливи, финансиски исплатливи и ефикасни мерки насочени кон постигнување на генералните цели на животна средина и други наведени во предлог мерките во Табела 13.

# 12.ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

Во рамките на развој на планскиот документ и Стратегиската оцена на животната средина кои како процеси треба да одат паралелно за да може и ефектите да бидат најголеми, потребно е да се поставаат индикатори на СОЖС за да можат да се следат значајните ефекти (позитивни и негативни) од реализирањето на целите на планскиот документ и навреме да се превземат соодветни мерки.

Континуираното следење на индикаторите на СОЖС дава можност за систематско набљудување, испитување и оценување на ефикасноста од воведените мерки за заштита, намалување или ублажување на негативните ефекти од планскиот документ.

За таа цел се подготвува План за мониторинг кој сумарно ги воспоставува релациите меѓу елементите на СОЖС од предметниот опфат, предложените индикатори и одговорните за нивно следење, анализирање и по потреба интервенција. Планот за мониторинг ќе помогне на Општината Демир Капија во преглед на состојбите во планскиот опфат, статусот на имплементација на предвидените мерки и ќе овозможи ефикасно понатамошно планирање на просторот и обезбедување на одржлив развој на општината.

Планот за мониторинг овозможува исто така воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни во процесот на планирање на просторот и заштитата на животната средина и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки.

При идентификацијата на целите на СОЖС прикажани на Табела 11 неминовно беше дефинирање на соодветните индикатори на СОЖС кои треба континуирано да се следат од надлежните стручни институции на национално, локално или регионално ниво и сопствениците на индустриските капацитети кои се планираат на предметниот опфат.

Потребно е максимално да се користат веќе воспоставените индикатори за животна средина од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и Државниот Завод за статистика на Република Македонија, индикаторите на милениумските развојни цели, посебно МРЦ-7 за одржливост на животнат средина, индикаторите за одржлив развој (за жал се уште не се дефинирани), индикатори кои РМ ги користи за реферирање спрема ЕУ агенциите за животна средина и енергија и други секторски индикатори (транспорт, земјоделие, шумарство, здравство и др.)

Во Табела 14 е претставен Планот за мониторинг на СОЖС за Генерален Урбанистички план на Град Демир Капија, општина Демир Капија со дефинирани одговорни институции за следење на индикаторите на СОЖС.

Министерството за транспорт и врски е целосно одговорно за следење на спроведувањето на Планот за мониторинг, анализа на вредностите на индикаторите и трендот на намалување, зголемување на истите и споредба со националните или други релевантни.

Табела 14 План за мониторинг на Стратегиска оцена на животната средина за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија

| Елемент на СОЖС за ГУП на Град Демир Капија | Индикатори на СОЖС | Одговорни за мониторинг | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|---|
| Вода | Изработени идејни и основни проекти за водоводна мрежа | ЈКП "Бошава"/Општина Демир Капија | Месечно ниво |
| | Тренд на намалување на годишната потрошувачка на вода и на загубите на вода | Општина Демир Капија/ЈКП "Бошава" | Годишно ниво |
| | Должина на изградена канализациона мрежа<br>Степен на прочистување на урбани отпадни води во пречистителна станица | Општина Демир Капија/ЈКП "Бошава"/МЖСПП | Месечно ниво |
| | Извори на техничка вода и количина на техничка вода која се користи за наводнување на домовите и дворните површини | Општина Демир Капија/ЈКП "Бошава"/Сопственик | Годишно ниво |
| | % на индустриски капацитети со пред третмани на отпадните води<br>Коефициент на прочистување на отпадните индустриски води | Инспекторат за животна средина<br>Општина Демир Капија | Годишно ниво |
| | Биохемиски квалитет на реките (Бошава и Вардар) | Институт за јавно здравје Демир капија/УХМР | Според План за следење на површинските води |
| Воздух | % на обновливи извори на енергија во вкупната потрошувачка | Операторот на компанијата од лесна и незагадувачка индустрија/Министерство за економија/ Општина Деммир Капија /Завод за статистика | Годишно ниво/Биланс на енергија |
| | % на финансиски заштеди (заштедени финансиски средства) обезбедени со воведување на енергетска ефиканост | Општина Демир Капија | Годишно ниво |
| | -Број на садови поставени за одлагање на отпад<br>-Фрекфенција за подигање на отпадот<br>-% на искористување на био отпадот<br>-% на селектирање на отпадот<br>-Затварање на нестандардни депонии | Општина Демир Капија/ЈКП "Бошава"/Инспектор за животна средина | Годишно ниво |
| Отпад | -Број на спроведени кампањи<br>-% на слектиран отпад собран од поставените канти<br>-Количина на био отпад кој се искористил за производство на електрична енергија | Општина Демир Капија/Вардарски плански регион/МЖСПП/Министерство за економија | Годишно ниво |
| | Количина на селектиран комунален отпад | ЈКП "Бошава" | Дневна база |
| | Количество/волумен на отпад кој се носи на депонија | Оператерите на индустриските капацитети<br>ЈКП "Бошава"/ Општина Демир Капија | Дневна база |
| | % на биоразградлив отпад кој се користи за добивање на енергија | Оператори на винарии/фарми/ ЈКП "Бошава"/ Општина Демир Капија | Месечно ниво |
| | Изградена регионална депонија за комунален отпад | МЖСПП/ Општински инспектор/ Центар за развој на Вардарски плански регион | Месечно ниво |

| Елемент на СОЖС за ГУП на Град Демир Капија | Индикатори на СОЖС | Одговорни за мониторинг | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|---|
| | Број на изградени острови за привремено складирање на отпад | ЈКП "Бошава"/ Општина Демир Капија | Годишно ниво |
| **Почва** | -Квалитет на почвата (се уште нема дефинирани национални прописи – да се следат ЕУ)<br>-Соодветност на квалитетот на почвата спрема намената (физичко – хемиска анализа) | Акредитирани лаборатории/ Општина Демир Капија/МЖСПП | Месечно ниво/Годишно ниво |
| | -Количини на генериран отпад (тренд на намалување или зголемување)<br>-% на селектиран отпад<br>-Склучени Договори со компании за рециклирање на отпад/Постапување согласно склучени Договори | Оператерите на индустриските капацитети Инспектор за животна средина на Општина Демир Капија | Месечно ниво |
| | % или површина на исчистени диви депонии | ЈКП "Бошава"/ Инспектор за животна средина на Општина Демир Капија | Месечно ниво |
| **Население** | Унапредување на состојбите во медиумите на животната средина | Општина Демир Капија | Месечно ниво |
| | Намалена миграција, подобрена социо – економска и здравствена состојба на населението и зголемен животен век | Завод за статистика/Институт за јавно здравје Демир Капија/ Медицина на труд/Општина Демир Капија | Годишно ниво |
| **Човеково здравје** | Број на цревни заболувања<br>Број на респираторни болести | Завод за статистика/Медицина на труд/Завод за здравствена заштита/Здравствен дом Демир Капија | Годишно ниво |
| **Пејзаж** | Број на локации и површина од која е остранет отпад каде несоодветно бил одложен | Општина Демир Капија | Месечно ниво |
| **Климатски фактори** | Тренд на намалување на годишни емисии на стакленички гасови | Инвеститор/Општина Демир Капија/Министерство за економија/Завод за статистика | Годишно ниво |
| | % на удел на обновливите извори во вкупната потрошувачка на гориво | МАНУ/МЖСПП/Завод за статистика | Годишно ниво |
| | % на удел на енергија добиена од отпад (биомаса) во вкупната потрошувачка | Општина Демир Капија/Министерство за економија/Завод за статистика/МЖСПП | Годишно ниво |

# 13. НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Генералниот Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија е изготвен врз основа на Проектна програма заверена од Министерство за животна средина и просторно планирање, а одобрена од Министерство за транспорт и врски (арх.бр.: 24-4042/2 од 11.06.2020), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2018 година (Службен весник на РСМ бр.16/18) и Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички проект за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-151763/2019 од 20.12.2019год.

Генералниот Урбанистички План на Град Демир Капија ги дефинира основните решенија на идниот развој на Градот во организација на просторот, неговата намена, користење и уредување. Планот ќе овозможи предложените решенија да овозможат физичка, функционална, економска и естетска целина на градскиот простор која ќе резултира со повисок квалитет на условите за живот и работа на граѓаните, а воедно и заштита на животната средина.

Согласно законската регулатива од областа на животната средина при подготовка на краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи на национално и локално ниво за развој на општините во сите аспекти (урбан развој, индустрија, развој на мали и средни претпријатија, туризам, земјоделие, транспорт и др.) потребно е спроведување на постапка за Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ кој се подготвува (план, програма или стратегија) врз животната средина.

Постапката е правно обврзувачка во согласност со националното законодавство (Глава X од Закон за животна средина – Сл. Весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 124/2010, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22, 171/22 и подзаконските акти) и со нејзино навремено спроведување се обезбедува идентификување на сите можни негативни и позитивни влијанија на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, се дефинираат алтернативи и можни мерки за ублажување, намалување или одбегнување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

Министерството за транспорт и врски како одговорна институција за носење на Државната урбанистичко-планска документација сметајќи дека реализацијата на планското решение нема да има негативно влијание врз животната средина донесе Одлука и Формулар за неспроведување на стратегиска оцена за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија. На доставените документи Министерството за животна средина и просторно планирање преку издадено Мислење бр. УП1-15-1333/2022 од 15.07.2022 год. (дадено во Поглавје 14.4) одговори дека е потребно да се спроведе постапка за стратегиска оценка за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија.

*Планскиот документ кој беше предмет на анализа и за кој се однесува Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија во општина Демир Капија.*

Планскиот опфат се наоѓа на територијата на Општина Демир Капија и зафаќа површина од 204,078 ha.

Се очекува реализацијата на Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија да обезбеди формирање на физичка, функционална, економска и естетска целина преку дефинирање на јавното земјиште, коридорите за сообраќај и инфраструктура, зеленилото и земјиштето за изградба на градби од јавен карактер, со што земјиштето би било долгорочно планирано и заштитено што ќе овозможи поволни услови за домување, работа и задоволување на културните и рекреациските потреби на жителите од градот.

Површината за планираната наменска зона за домување на ниво на плански опфат за Генерален урбанистички план за Демир Капија изнесува 84.405 ha, распоредено во 5 реони Ц (центар) И (исток), З (запад), С (север) и Ј (југ), и 14 блокови.

Утврдените реони како територијални единици, се со следната површина:

- Реон Центар (Ц) = 36,60 ha;
- Реон Исток (И) =46,26 ha;
- Реон Југ (Ј) = 61,68 ha;
- Реон Север (С) =36,79 ha;
- Реон Запад (З) = 22,72 ha.

Домувањето претставува најзастапена намена во рамки на планскиот опфат и претставува 41 % од вкупната површина на планскиот опфат. Планираната наменска зона за Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намена Г изнесува 28 %, додека класта на намена Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори ќе биде застапена со 8 %.

Класата на намена на идните плански решенија се дадени во табелата подолу.

Класи на намена на идните плански решенија

| **Класа на намена** | **Вкупна (Постојна заедно со планирана) состојба (ha)** | **Вкупна состојба во %** |
|---|---|---|
| **А** – Домување | 84,405 | 41 |
| **Б** – Комерцијални и деловни намени | 13,064 | 6 |
| **В** – Јавни институции | 6,119 | 3 |
| **Г** – производство, дистрибуција и сервиси | 56,277 | 28 |
| **Д** – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори | 15,889 | 8 |
| **Е** – инфраструктура<br>Е1 комунална ифраструктура<br>Е2 комунална супраструктура<br>Жлезничка станица | 8,460 | 4 |
| | 3,833 | 2 |
| **ПУ** – примарна улична мрежа | 8,580 | 4 |
| **АВ** – автопат | 0 | 0 |

| Класа на намена | Вкупна (Постојна заедно со планирана) состојба (ha) | Вкупна состојба во % |
|---|---|---|
| **Е1** – река | 7,452 | 4 |
| **Дол** – дол | 0 | 0 |
| **НЗГ – Неизградено Градежно Земјиште** | 0 | 0 |
| **У. Агр. – Урбана Агрикултура** | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **204,078 ha** | **100 %** |

Заради идентификување на целите на заштита на животната средина во рамките на Стратегиската оцена (СОЖС цели) на планскиот документ, се пристапи кон разгледување на карактеристиките на пределот каде што се наоѓа планскиот опфат на Генерален Урбанистички план на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија и се идентификуваа состојбите со животната средина од расположливи документи земајќи го во предвид Локалниот План за заштита на животната средина за Општина Демир Капија (ЛЕАП) усвоен во 2022 год. каде се евидентирани клучните проблеми и предложени се мерки во облик на Акционен план за нивно надминување.

Сегашните клучни еколошки проблеми во Општина Демир Капија се однесуваат на недостаток на вода за пиење, недоволна количина на вода за наводнување на земјоделски површини, непостоење на пречистителна станица за комуналните води, загадена почва од прекумерна употреба на пестициди, отсуство на селекција на цврст отпад, дива сеча на шумски фонд, мал процент на користење на обновливи извори во општината, користење на огревно дрво како извор за затоплување и готвење, низок животен стандард и миграција на населението и др.

Беа издвоени релевантните елементи за предметниот опфат и тие се елементи за Стратегиската оцена на влијание на планот. Меѓусебната компатибилност на целите на планскиот документ се идентификувани користејќи Матрица на компатибилност како алатка при Стратегиска оцена на влијание на планскиот документ врз животната средина. Целите на планскиот документ се меѓусебно компатибилни.

Се гледа големата усогласеност меѓу целите на предметниот Генерален Урбанистички план на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија со стратешките плански документи, можноста за максимална искористеност на неизградената површина согласно законските обврски за градење на потребни објекти за индивидуално и колективно домување и дооформување на патната улична мрежа.

Се разбира дека целите за економски развој, изградбата на лесна незагадувачка индустрија, објекти за домување и изградбата на современа инфраструктура и сообраќајници е во конфликт со заштитата на животната средина, можеби во мала мерка, краткотрајно (додека трае изградбата на објектите или инфраструктурата) и можното негативно влијание врз различните елементи на животната би било со мала до средна јачина и само на локално ниво.

Токму поради оваа некомпатибилност во планот се предлагаат и мерки за заштита на медиумите од загадување, различни непогоди и можни хаварии. Како составен дел од

Извештајот за стратегиска оцена се презентирани дополнителни мерки за избегнување, намалување или ублажување на негативните влијанија на реализацијата на целите на планот врз животната средина.

Генерални цели на заштита на животната средина на предметниот опфат се:

- Ефикасно користење на природните ресурси (водата, енергијата, материјалите - суровините), искористување на сончевата енергија преку поставување на фотоволтаични панели, како и сите расположливи обновливи извори на енергија, користење на енергетски ефикасни материјали при градба на објектите, имплементирање на концептот на циркуларна економија – искористување на отпадот како суровина;
- Воведување на мерки за енергетска ефикасност и поставување на фотоволтаични панели на објекти во сопственост на општината со што би се постигнале енергетски, финансиски и заштеда на ресурси;
- Обезбедување на превентивни мерки во заштитата на водите (површински и подземни) и нивно рационално искористување, квалитетот на воздухот и почвата од емисиите на загадувачки материи од планираните капацитети на лесна индустрија;
- Третирање на отпадните води од капацитети на лесна индустрија до квалитет кој одговара на класата на реципиентот;
- Ефикасно управувањето со хемикалии кои би се употребувале во производниот процес и соодветно нивно третирање како опасен отпад по завршување на функцијата;
- Селектирање на отпадот и искористување на употребливите состојки на отпадот каде што е можно, избегнување и во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад, управување на соодветен начин со различните фракции на отпад;
- Минимизирање и елиминирање на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Рационално и одржливо користење на природните богатства, одржување на постоечкиот биодиверзитет и избегнување на неповратни загуби, заштита на биолошката разновидност преку спроведување на превентивни мерки;
- Обезбедување на ниво на бучава и вибрации под максимално дозволените граници за подрачја наменети за производствени дејности преку набавка на опрема со подобрени карактеристики и редовни мерења;
- Воспоставување на мониторинг на емисиите на загадувачки материи од планираните капацитети на лесна индустрија на одреден временски период во сите медиуми и мониторинг на квалитетот на водата, воздухот и почва и известување кон надлежните органи;
- Висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни екосистеми и на екосистемите зависни од водата, заштита и унапредувањето на водната средина преку рационално и одржливо користење на водите, како и

прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материии супстанции во водите;

- Воспоставување на процедура и начини на доставување на информации до јавноста за управувањето со животната средина и можности за учество на јавноста во донесување на одлуки;
- Зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа во однос на методите и техниките на планирање, управување и спроведување на законската регулатива во сите елементи на животната средина.

Специфичните цели на Стратегиската оцена на животната средина (Цели на СОЖС) се идентификувани врз основа на анализа на проблемите со животната средина во планскиот опфат и околината (Општина Демир Капија и пошироко) и идентификација на најосетливите елементи на животната средина врз кои и сега се чувствува најголем притисок и кои би биле најпогодени од реализацијата на планскиот документ. Подготвени се и индикатори на СОЖС преку кои ќе се следи напредокот на примена на мерките за заштита, спречување и ублажување на значајните негативни влијанијата од реализацијата на целите на планскиот документ.

Негативните влијанија на целите на планскиот документ врз елементите на Стратегиска оцена на животна средина ќе бидат спречени, елиминирани или ублажени доколку се применат следните чекори:

a) спроведување на мерките дадени во планската документација за Генерален Урбанистички План на Град Демир Капија, во Општина Демир Капија (Поглавје 8 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА) од страна на планерите од Агенција за планирање на просторот во Декември 2019 год.
b) спроведување на мерките дадени во Табела 13 како дел на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина

Мерките предложени од планерите се општи и повеќе се фокусирани на почитувањето на законските норми од областа на изградба на идните објекти и генералните барања за заштита на животната средина, што се разбира е неминовно и правно обврзувачко.

Од страна на експертот за СОЖС предложени се мерки во однос на елементот на СОЖС и соодветните цели кои треба да се постигнат. Предлог мерките главно се фокусирани на идентификација на теми кои треба да се земат во предвид при подготовка на други документи кои следуваат по усвојувањето на планот и изградба на предевидените објекти (Студија за оценка на влијание на развојниот проект врз животната средина/Елаборат за заштита на животната средина/Дозвола за интегрирана контрола и заштита од загадување - ИСКЗ дозвола). Дел од мерките се насочени кон идентификација на потреба од подготовка на нови плански документи од страна на индустриските капацитети и од страна на локалната самоуправа на Општина Демир Капија (План за управување со отпад, План за управување со хемикалии, План за управување со животната средина итн..). Мониторингот на сите медиуми како важен сегмент за секој плански стратешки документ е ставен како приоритетен.

Предложени се неколку алтернативи на понудените плански решенија во поглед на:

a) при избор на најдобро решение за намена на земјиштето,

b) локацијата на предметниот опфат,

c) аспект на економската оправданост,

d) финансиската можност и интерес од страна на инвеститорите,

e) заштитата на животната средина и одржливоста на планскиот документ

Со цел да се следат значајните ефекти (позитивни и негативни) од реализирањето на целите на планскиот документ и навреме да се превземат соодветни мерки се користат индикаторите за СОЖС и План за мониторинг.

Планот за мониторинг сумарно ги воспоставува релациите меѓу елементите на СОЖС од предметниот опфат, предложените индикатори и одговорните за нивно следење, анализирање и по потреба интервенција. Планот за мониторинг ќе помогне на Општината Демир Капија во преглед на состојбите во планскиот опфат, статусот на имплементација на предвидените мерки и ќе овозможи ефикасно понатамошно планирање на просторот и обезбедување на одржлив развој на општината.

# 14.ПРИЛОЗИ

## 14.1 ЛИСТА НА НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

1. Закон за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05 24/07, 159/08 и 83/09, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22, 171/22);
2. Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник на РМ бр.74/05);
3. Правилник за содржината на барањата што треба да ги исполнува студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина (Службен весник на РМ бр. 33/06)
